**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Шестото продолжение на Сто и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана 4 јули 2005 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 13,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше, Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Се надевам дека сите комисии кои беа закажани пред 11,00 и во 11,00 часот до сега завршија.

Затоа ги молам пратениците да дојдат во салата.

Уште еднаш ги замолувам пратениците да влезат во салата.

Би сакал да ги информирам пратениците, бидејќи почнавме во 13,00 часот, имаше седници на комисии, ќе имаме пауза во 15,00 часот, а ќе продолжиме во 16,00 часот. Се надевам дека денес ќе завршиме, бидејќи во општата расправа кажавме се што треба, дури и амандманите ги продискутиравме во општата расправа. Може по еден претставник од секоја пратеничка група да го каже ставот, ако веќе има потреба од тоа.

Продолжуваме со работа по 101 седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Ристана Лалчевска, Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Благој Голомеов, Ванчо Георгиев, Славица Станковска, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Хусенџевад Хусеини, Али Ахмети, Ѓорги Трендафилов, Љубчи Георгиевски, Ганка Самоиловска-Цветанова и Јани Макрадули ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Бидејќи треба да примeнеме на гласање на заклучокот, ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(во салата се чека потребниот број на пратеници)

Вклучете го господинот Краљевски, има процедурално.

Повелете господине Краљевски.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Пратеничката група на ВМРО-Народна партија уште пред почетокот на отпочнувањето на расправата за оваа точка од дневниот ред зазеде став и јавно соопшти дека ќе се противи на донесувањето на овој закон во сите негови фази. Со оглед на тоа што е доследна на тој заземен став, ние сега ќе излеземе. Тука сме, меѓутоа, нема да гласаме, ќе излеземе и на тој начин ќе го изразиме нашето противење против донесувањето на овој закон.

**Љупчо Јордановски:** Ваше право, тука не можам ништо да се противам.

Госпоѓо Бонева, и вие имате процедурално? Повелете.

**Силвана Бонева:** Господине претседателе, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ нема да учествува во гласањето на Предлогот за донесување на закон за употреба на знамиња на етничките заедници. Исто така и Либералната партија како наш коалиционен партнер нема да учествува во гласањето. Аргументите ги кажавме до сега.

**Љупчо Јордановски:** Вие рековте дека нема да учествувате, а не рековте дека нема да бидете присутни.

**Силвана Бонева :** Нема да гласаме.

**Љупчо Јордановски:** Не рековте дека нема да бидете присутни, значи нема да бидете и присутни при гласањето. Само да ја дополнам вашата изјава.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Господине Стаменков, и вие во името на вашата партија сакате да кажете исто? Повелете.

**Ванчо Стаменков:** Почитуван претседателе, пратеничката група на Земјоделската народна партија исто така нема да присуствува на гласањето, а тоа значи дека нема да гласа за овој закон.

(пратениците ја напуштија салата)

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Сега службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во саката.

Ги молам сите пратеници да влезат во салата, од коалицијата која е мнозинство во овој Парламент.

Во салата се присутни 61 пратеник, значи можеме да работиме.

Претресот по Предлогот за донесување на закон е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 56 пратеници гласале за, нема воздржани, двајца против. Како што реков, во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, 54 пратеници за, нема воздржани, двајца против. Во времето на гласањето во салата беа присутни 61 пратени, сега гледам дека сме 62.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 5 алинеја 4 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Назми Бекири поднесе амандмани на членовите 4, 5, 6 и 8 и на членот 7, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Благородна Мингова-Крепиева поднесе амандмани на член 5 за бришење на алинеја 2, член 6 став 1 алинеја 1 и на член 7 и на член 8 за додавање нова алинеја 4 по алинеја 3, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Жарко Караџоски поднесе амандмани на член 2 став 2, и член 3, член 4 на насловот пред член 7 и за бришење на член 7, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Абдуладѝ Вејсели и Исмет Рамадани поднесоа амандмани на член 5 и член 6 став 1, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Силвана Бонева, Илија Китановски и Ефтим Манев поднесоа амандмани на член 2 за додавање нов став 3 по членот 2, член 5, член 5 за бришење на алинеја 2, член 5 алинеја 4, член 5 алинеја 5 и на член 6 став 1, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски поднесоа амандман на член 5 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Ристана Лалчевска и Милка Митковска поднесоа амандмани на член 2 за додавање нов став 3 по став 2, на членовите 4 и 6 став 2 и на член 5 за бришење на алинеја 5, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Роза Топузова-Кареска, Слободан Најдовски, Благој Голомеов, Петар Апостолов, Соња Лепиткова, Тома Глигориевски и Нелко Стојановски поднесоа амандман на член 8, алинеја 1, 2 и 3, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Лилјана Поповска и Тито Петковски поднесоа амандмани на член 2 став 2 и на членовите 4, 5 и 6 став 1 и на член 8 за дода вање нова алинеја 4 по алинеја 3, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Марија Којзеклиска поднесе амандмани на член 2 за менување на ставот 2, член 3, член 4, член 5, член 6 став 1 и за бришење на став 2, за менување на член 7, за менување на член 8, за бришење на поднасловите 1 и 2 во Главата 1 и 2, поднаслвот 3 на Главата 2 да стане Глава 2, а главите 3 и 4 да станат 4 и 5, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Јанаке Витановски поднесе амандмани на член 3 за додавање нов став 2 по ставот 1, член 5 точка 4 и на член 10 став 1, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Роза Топузова-Каревска поднесе амандмани на член 8 за додавање нов став 2 по ставот 1, член 10 став 1 и 2 и член 11 ставови 1 и 2 и на член 12 ставови 1 и 2, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Рафис Алити, Ејуп Рустеми, Семијал Хасани, Теута Арифи, Јусуф Арифи и Селвије Салиу, Агим Џелили, Рафет Муминовиќ, Неждет Мустафа, Гајур Сарач, Кенан Хасипи, Недим Рамизи и Аднан Јашари, Фазли Велиу и Аднан Ќахил поднесоа амандман за додавање нов член 6-а, по членот 6, по кој Владата не се произнела.

Господине Краљевски, дали тоа значи дека само за гласањето нема да бидете присутни?

Добро.

Продолжуваме.

Со оглед на тоа што на амандманот на член 2 за менување на став 2, поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска, амандманот на член 2 став 2 поднесен од пратеникот Жарко Караџоски, амандманот на член 2 став 2 поднесен од пратениците Лилјана Поповска и Тито Петковски, амандманот на член 2 за додавање нов став 3 по ставот 2 поднесен од пратениците Силвана Бонева, Илија Китановски и Ефтим Манев и амандманот на член 2 за додавање нов став 3 по ставот 2 поднесен од пратениците Ристана Лалчевска и Милка Митковска, кои се точки 1, 2, 3, 4 и 5 во списокот на амандманите по кои се води претрес, се однесуваат на исто прашање, предлагам по нив да водиме заеднички претрес, а гласањето да го вршиме за секој од нив оделно. Ова е деловнички возможно.

Ве повикувам да гласаме во врска со овој Предлог. Деловнички е тоа возможно но според Деловникот ние сепак треба да одлучиме.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 54 за, нема воздржани, четири против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Присутни се повеќе од 61 пратеници.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за менување на став 2 поденсен од пратеникот Марија Којзеклиска , амандманот на член 2 став 2 поднесен од пратеникот Жарко Караџоски, амандманот на член 2 став 2 поднесен од пратениците Лилјана Поповска и Тито Петковски, амандманот на член 2 за додавање нов став 3 по ставот 2 поднесен од пратениците Силвана Бонева, Илија Китановски и Ефтим Манев и по амандманот на член 2 за додавање нов став 3 по ставот 2 поднесен од пратениците Ристана Лалчевска и Милка Митковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, повелете.

**Субхи Јакупи:** Амандманите не се прифаќаат.

**Љупчо Јордановски:** Амандманите не се прифатени.

Дали некој бара збор?

Госпоѓо Којзеклиска, имате збор, повелете.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе.

Искрено да ви кажам, на овој член 2 став 2 има пет амандмани поднесени од различни пратеници, што укажува само на едно, дека ваквиот предлог како што е даден во ставот 2, мнозинството, со оглед на тоа дека доаѓаат од различни пратенички групи и од опозиција и од позицијата не се согласуваат со формулацијата дадена во членот 2. Јас ќе ја прочитам: "под знаме во смисла на став 1 од овој член се подразбвира знаме што заедниците го избрале и го употребуваат како знаме за изразување на својот идентитет и особености". Мојот амандман се однесува на менување на овој став во кој се вели: "Под знаме во смисла на став 1 на овој член се подразбира знаме што заедниците го избрале и го употребуваат како знаме за изразување на својот идентитет и особености, а кое не смее да биде знаме на друга држава". Ние во општата расправа скоро 80% од колегите пратеници во Парламентот зборувавме за тоа дека во една суверена самостојна и независна држава не смее да има особености или знамиња на друга држава.

И пак ќе се повикам на тој фамозен амандман 8.Рамковниот договор веќе не го читам, затоа што тој е имплементиран во Уставот на Република Македонија преку амандманите и во тој амандман 8 се вели дека припадниците на заедниците имаат право слободно да го изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитеет и особености на своите заедници и да ги употребуваат симболите на својата заедница. Не знам колку пати треба од оваа говорница, почитуван претседателе и почитуван заменик министер за правда да се каже дека друго знаме на друга држава не смее да се вее во Република Македонија. Не знам на кој јазик треба ова да го кажам за да ме разберат и колегите пратеници од позицијата и Владата, односно претставникот на Владата. Значи, не размислувам само јас така. Со оглед на поднесените амандмани кои се во суштина исти со модификации не смее, или не може, така размислуваат и Жарко Караџоски и Лилјана Поповска и Тито Петковски и Силвана Бонева, Илија Китановски, Ефтим Манев, Ристана Лалчевска, и Милка Митковска. Навистина незнам на каков начин веќе да се изразам и да кажам дека недопустливо е во една суверена држава да бараме со ваков посебен закон и ќе повторам, никаде во светот не постои закон во кој се уредуваат употребата на знамињата на заедниците во таа држава. Затоа барам од колегите од позицијата да го гласаат амандманот за да можеме да го уредиме оној дел за кој Владата, посебно Минитертвото за правда апсолутно не ни размислува, гледам по нивниот ноншалантен однос. Значи, ми останува само да апелирам до пратениците да го гласаат овој амандман, не мора мојот амандман, на амандманите на нивните сопартијци за да можеме да најдеме едно компромисно решение и еднаш за секогаш да се уредат како што треба правата и не само правата туку и обврските кои заедниците ги имаат кон сопствената држава.

**Љупчо Јордановски:** Има збор госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам претседателе, заеднички став на сите пратеници кои што ги имаат поднесено амандманите со кои што се бара допрецизирање на членот 2 и јасно утврдување на употребата на знамињата на заедниците за тоа дека знамето на заедниците не смее да биде идентично со знаме на друга држава. Тоа е став на сите пратеници кои што го имаат дадено овој амандман, можеби со поинакви зборови, меѓутоа суштината е една иста. Јас повторно би се осврнала, незнам дали воопшто вреди да се повторуваме, да се докажуваме, бидејќи гледам дека од страна на парламентарното мнозинство едноставно не сакаат да се слушаат аргументите. Но, мислам дека е неопходно потребно заради јавноста и повторно заради пратениците кои што треба да го гласаат и овој и сите амандмани кои што се однесуваат на оваа проблематика, зошто не смее да се гласа ваков закон, односно ваков член, член 2 кој што остава можност да се употребуваат знамиња на туѓи држави, значи туѓи државни знамиња на теријторијата на Република Македонија. Се зборува постојано дека обврска ни е од Рамковниот договор и мораме да ја исполниме таа обврска и да го донесеме овој закон набрзина, бидејќи роковите веќе ни се изминати. Повторно ќе кажам во Рамковниот договор во точка 7.1 јасно е кажано дека знамињата на етничките заедници треба да се употребуваат, односно во однос на симболите, значи не се вели знамиња, туку симболите на етничките заедници, непосредно до симболот на Република Македонија локалните власти ќе ја имаат слободата да постават симболи со кои се одбележува идентитетот на заедницата која што е во мнозинство во општината, но со почитување на меѓународните правила и примени.

Почитувани колеги, ваквата дефиниција на членот 2 од Законот и давањето можност други знамиња на други држави да се веат на територијата на Република Македонија не е во согласност со меѓународните правила и примени што ни е обврска од Рамковниот договор. Бидејќи многу јасно е во меѓународната пракса дека знамињата на други држави означуваат екстериторијалност и се истакнуваат пред објекти на дипломатско-конзуларни претставништва или пред меѓународни организации, значи пред амбасади во исто време и при посета на странски државници. Не смееме да го игнорираме фактот, она што е општо прифатено во меѓународната пракса и што значи меѓународна примена и што ќе значи кога било кој странец ќе дојде на територијата на Република Македонија и ќе го види знамето на Република Албанија како се вее на територијата на Република Македонија и тоа на државни објекти, пред објекти на локалната самоуправа. И повторно ќе кажам дека на тој начин оставаме простор да се дели

суверенитетот на Република Македонија со друга држава, бидејќи знамето на Република Македонија го одразува суверенитетот и територијалниот интегритет на Република Македонија, меѓутоа и знамето на Република Албанија исто така и на Република Турција го означува суверенитетот и територијалниот интегритет на тие држави. Самата употреба на знамето на тие држави на територијата на Република Македонија значи делење на суверенитетот на државата Република Македонија. Не знам по колку пати тоа треба да го повториме и дали воопшто допира до колегите пратеници кои што треба да го притиснат копчето и да гласаат за овој амандман, или за овој закон. Навистина треба да се земе во предвид тоа што е одстапено од Рамковниот договор, бидејќи не се почитуваат тие меѓународни правила кои што кажуваат дека употреба на знаме на туѓа држава означува екстериторијалност во исто време и загрозување на суверенитетот на таа земја. Ги спомнавме примерите со многу земји околу нас. Овде беа кажани исклчоците меѓутоа, меѓународната пракса кажува нешто сосема друго. Земјите чии што знамиња ќе се употребуваат на територијата на Република Македонија како што е државното знаме на Република Албанија. Самата држава Република Албанија на нејзината територија си го има заштитено сопственото знаме. Почитувани колеги, ако може државата Република Албанија да си го заштити сопственото знаме и да не дозволува употреба на туѓи знамиња на нејзина триторија, зошто ние не можеме да сфатиме дека и ние како држава Република Македонија треба да си го заштитиме сопственото знаме и да ставиме една одредба во овој закон со која јасно ќе биде кажано дека не може идентично знаме со друга држава да се користи како знаме на етничките заедници. Сосема друго е и толкувањето кое што овде беше кажувано дека Рамковниот договор и англиската верзија кажуваат нешто сосема друго за амблемите. Имавме можност да чуеме и од експертите што значи англиската верзија и како е дефинирано, што е тоа што треба да употребуваат етничките заедници и дека таму е кажано, амблеми, а не е кажано, знамиња. И што е тоа знаме, а што е амблем на етничката заедница. Значи, да не се прават пратениците, а во исто време и претставниците на Владата дека едноставно пратениците и јавноста во Република Македонија не разбираат што е тоа што е внесено во Рамковниот договор и што е тоа што отстапува надвор од Рамковниот договор, а правите нешто божем за заокружување на обврските од Рамковниот договор. Сите ние немаме апсолутно ништо против завршување на обврските од Рамковниот договор, меѓутоа онака како што се дефинирани, ништо повеќе. Да не правите проширување на Рамковниот договор со нешто што не е внесено внатре. Да го почитуваме сите ние она што е кажано во Рамковниот договор во однос на употребата на симболите, дека треба да се почитуваат меѓународните правила и примени. Да не зборувам повторно за одлуката на Уставниот суд. Мно пати досега зборувавме за членот 48, зборувавме за амандманот 8 со кој што е променет членот 48, меѓутоа само со давањето можност да се употреби знаме на етничката заедница заради изразување на нивната посебност, а не и за загрозување на суверенитетот на државата со знамиња на други држави. Никаде во Уставот на Република Македонија не е дадена можноста да се употребува знаме на туѓа држава на територијата на Република Македонија. И токму заради тоа Уставниот суд она што ценел, го ценел членот 1 од Уставот на Република Македонија, ставот 2 кој што вели дека суверенитетот на државата Република Македонија е неделив, најпрво неделив, па понатаму, неотуѓив и непренослив. Овој факт го ценел Уставниот суд. И уште нешто.Се повикал на членот 5 кој што исто така не е променет како што не е променет ниту членот 1 во однос на суверенитетот. И во членот 5 од Уставот на Република Македонија, зборува дека државните симболи на Република Македонија се грбот, знамето и химната преку кои што се изразува суверенитетот и територијалниот интегритет на државата Република Македонија. Бидејќи не се променети овие два члена, немојте да зборувате дека сега имаме нова состојба и дека тоа што го ценел Уставниот суд тогаш било сосема друго, бидејќи сега сме го имале Рамковниот договор. Значи, повторно ќе кажам, со Рамковниот договор и со уставните измени не е променета суштината, ниту пак членот 1 во однос на сувереноста на државата Република Македонија и заради тоа одлуката на Уставниот суд е уставна норма која што сеуште го врзува овој Парламент, ја обврзува Владата и ги обврзува сите во државата Република Македонија. Значи, уште еднаш повикувам на разум, уште еднаш повикувам на почитување на одлуките на Уставниот суд кои што се уставна норма, нема апсолутно ништо променето со Рамковниот договор. Она што стои во Рамковниот договор, повторно ќе кажам почитувани колеги кои што сите нас не обврзува во точка 1.2, тоа е дека суверенитетот и територијалниот интегритет на Македонија и унитарниот карактер на државата се неповредливи и мора да се сочуваат. Тоа почитувани колеги го имате земено како обврска сите потписници на Рамковниот договор, сите потписници, вклучувајќи ги и албанските претставници, претставниците од македонска страна од македонскиот народ кои што беа присутни тогаш на потпишувањето и тоа е обврска која што треба да се спроведе од овој Рамковен договор, не само она што вие сметате дека треба да биде, туку она што е напишано внатре во Рамаковниот договор. Оваа обврска сите вас ве обврзува да го зачувате суверенитетот на државата Република Македонија и да не дозволите суверенитетот да биде поделен. Во исто време и унитарниот карактер на државата Република Македонија е обврска од Рамковниот договор со точка 1.2.

Токму заради тоа не смеете да дозволите веење на туѓи државни знамиња на територијата на Република Македонија и на државните органи на локално ниво што ќе означи буквално делење на суверенитетот на државата Република Македонија што е спротивно на Уставот. И повтроно ќе кажам, спротивно на Рамковниот договор на кој што толку многу се повикувате. Навистина незнам што друго да кажам освен уште еден факт да повторам дека, ако била обврска од Рамковниот договор онака како што вие сега ја толкувате и како што ја внесувате во Законот, тогаш барам од претставникот на Министерството за правда да објасни зошто беше усогласен Законот за локална самоуправа со Уставните амандмани, со измените на Уставот и зошто во еден член од Законот за локална самоуправа член 10 став 3, јасно е кажано дека локалните симболи не смеат да бидат идентични со симболите на други држави. Зошто истото правило по аналогија не се почитува и во овој закон. Овој закон за локална самоуправа е донесен после Рамковниот договор токму за да го усогласи Законот за локална самоуправа со новите измени, со уставните амандмани кои што произлегоа од Рамковниот договор.Значи, имате многу прашања да одговорите, не можете едноставно само да кажете, не го прифаќаме овој амандман, бидејќи ние така цениме. Треба да дадете аргументи зошто е постапено во еден закон да се даде изричита забрана да не бидат знамињата на локалните самоуправи идентични со знамиња на туѓи држави, а сега ова е сосема нешто друго, сега толкувањето е, па тоа се знамиња на етничките заедници. Ако е така, немало воопшто потреба да се стави став 3 во членот 10 од Законот за локална самоуправа, или пак како што го има веќе ставено законодавецот овој став во Законот за локална самоуправа апсолутно ништо друго не бараме, освен идентично решение во Законот за знамиња на етничките заедници. Она што веќе еднаш е направено во Законот за локална самоуправа и што е нормално и што соодветствува на меѓународната пракса која што ни е обврска од Рамковниот договор, истото тоа да го направите и со овој закон и тогаш нема да има апсолутно никакви тензии, тогаш нема а има апсолутно никакви стравувања, тогаш ќе ја примениме меѓународната пракса ќе го примениме она што се применува кај нашите соседи и во Република Албанија, значи тогаш Република Македонија ќе си го заштити своето знаме како што тоа го прават другите земји.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Слободан Чашуле.

**Слободан Чашуле:** Благодарам господине претседател, почитуван господине заменик министер, колешки и колеги,

Ако го усвоиме овој амандман законот за употреба на знамињата со консензус со политичка согласност, со зрелост ќе биде усвоен и Република Македонија ќе ја исполни последната обврска што пред нас ја поставува Европската Унија. Но, покрај тоа ќе покаже дека е политички зрела и дека главната идеа заради која е донесен Рамковниот договор а тоа е можноста да се изнаоѓа секогаш договор и консензус е се уште витална во Македонија. Рамковниот договор е договор меѓу две страни па незначи капитулација. Оттаму, апелирам на другата страна, на заедниците, особено на албанската да го прифати овој амандман и со ова да го затвориме ова поглавје од нашата многу скорешна историја. Затворајќи го така ќе елиминираме сето ова што досега се случува и што ќе се случи ако амандманот не биде усвоен. Тој не е идеално решение. Но, ниедно решение во една заедница како што е нашата која обилува со култури не може да биде идеално. Можевме поинаку да ги расчистиме работите во фазата на изготвувањето на законот, но сега ни се дава првата вонредна можност тука да застанеме од повеќе причини. Со овој амандман ќе покажеме на нашите партнери во ЕУ дека сме зрело општество, дека кризи во Македонија повеќе нема. И верувајте ми, тоа ќе го забрза нашиот од кон Унијата, бидејќи главните критериуми кои ќе постојат за нас, а ќе бидат изострени, ќе бидат политички, значи ќе се мери нашата политичка зрелост. Точно е дека Унијата од нас бара да го донесеме овој закон, но не ваков. Точно е дека се обврзавме дека ќе изградиме во Македонија механизми кои ќе им овозможат на сите наши заедници да ги изразуваат своите симболи. Меѓутоа, не заборавјте нашиот Устав вели дека суверенитетот на оваа држава е неделив. Но, од оваа говорница овде безброј пати, особено во составот на овој Парламент сме чуле од нашите сонародници од албанско етничко потекло дека и оваа држава е нивна. А, Уставот вели, носители на суверенитетот на Република Македонија се сите негови граѓани. Ако го усвоиме овој амандман ќе го сочуваме Уставот. И сега ќе кажам нешто и се надевам дека нема да бидам разбран, ќе спречиме една дополнителна сегрегација на албанската заедница и нивното исклучување од суверенитетот на Република Македонија.И многу едноставно ќе ви објаснам. Ако симболот кој не е спорен тие го стават на подлога од знаме и тоа е идентично со знаме на другата држава, настанува конфузија на суверенитот. Ако стават симбол на државата која е исто толку нивна колку и наша, така вели Уставот, така сме се договориле и така ќе биде, тогаш пред органите на локалната самоуправа кои се власт, значи дел од суверенитетот, а во демократиите суверенитет на граѓаните значи демократија.

Според тоа, ако пред локалниот суверенитет, да ја парафразираме оваа мисла на тој начин, нека ми простат експертите, ако со симболот на Албанската заедница, плус изразот на оваа држава, дали се тоа нејзини денови, дали е ова политичко знаме што го донесовме со еден друг договор, компромис, консензус и на дело во таа општина, каде што се мнозинство Албанците покажуваат дека учествуваат во суверенитетот

на Република Македонија, верувајте ми, ако тие сега го направат овој чекор на зрелсот, тогаш и ние од опозицијата ќе застанеме и овој закон ќе го изгласаме, а може да се договориме, да побараме од Владата, во извонредно кус рок, да кодифицира знамиња. Може да се донесе измени и дополнувања на Законот за знаме на Република Македонија, може да се донесе нов закон. Но, со истакнувањето на тој дистинктивен белег сите ќе покажеме дека ова е наша заедничка држава, но што е најважно од се, во манифестациониот облик на симболите и на суверенитетот ќе покажеме дека Република Македонија е наша заедничка и унаитарна држава.

Вака, ако пред зградите на локалниот суверенитет се вее симбол што еистоветен со знаме на друга држава, тогаш настанува неприродна делба и на нашиот и на суверенитеот на Република Албанија, настанува конфузија. Но, најважно од се е ако успееме со овој амандман да ја премоститем оваа, би рекол криза на доверба. Ние ќе успееме да спречиме овој закон, утре, со приговор да падне пред Уставниот суд, а исто така ќе овозможиме целосна имплементација на Рамковниот договор, оти на знаме со симбол на Албанската заедница, на кое што ќе стои ознаката на суверенитот на Република Македонија, јас не верувам дека би имал некој против, во оваа држава, тоа знаме да се вее секаде каде што Албанците се застапени со оној процент што го предвидува Рамковниот договор и на тој начин и во последниот детал ќе ги исполниме сите, би рекол пишани и непишани обврски штопроизлегуваат од Договорот 2001 година, да престанем со недоразбирање.

Јас ги ислушав внимателно сите аргументи. Пред мене колешката Силвана Бонева кажа една лепеза на аргументи, со што се согласувам, зошто би требло овој амандман да се усвои. Но, сакам да се сконцентрирам на едно.

Господа наши сограѓани и побратими, вие ќе добиете многу пред очите на македонскиот народ. А, сите заедно ќе добиеме во очите на Брисел ако овој амандман го усвоиме сега, а Владата донесе закон со кој што вашиот симбол, симболот на Турската заедница, на Српската заедница, на Влашката заедница, на Бошњачката заедница ќе се веат гордо со белгот на нашиот суверенитет и последен изказ дека Република Македонија е наша заедничка држава.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господиен Караџоски имате збор.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе.

Со оглед на тоа што парламентарното мнозинство гоизгласа предлогот што вие го дадовте, а тоа е 5 амандмани да се спојат во единствен претрес, еве, се пријавувам, со оглед што и мојот амандман е сличен. Не би рекол ист. Го користам ова право да го образложам и сопствениот и останатите други амандмани.

Меѓутоа, почитуван претседателе, прво ќе ви обрнам внимание на едно, точно е тоа дека Деловникот дозволува да постапите така како што псотапивте, меѓутоа сега би псотавил едно прашање вам а и на пратениците кои гласаа за овој предлог - што ќе се случи ако мнозинството рпатеници ги изгласаат овие амандмнаи, односно гласаат за? Кој амандман во суштина ќе биде прифатен?

**Љупчо Јордановски:** Гласаме поединечно господине. Штом првиот ќе биде прифатен, другите ќе отпаднат, бидејки тоа е суштината на сите амандмани. Значи по старо велат ќе продлжиме.

(Од редовиете на опозицијата реагираат со зборовите "нема логика").

Има, има логика. Бидејки сите амандмани се однесуваат, да не биде слично или исто со некое друго државнознаме, на друга држава, Според тоа, еден амандман, само незнам кој амандман, ако се прифати, другите веќе се беспредменти.

(Реагирање од страна на опозицијата).

**Жарко Караџоски:** Добро, благодарам. Тоа е оправдувањето ваше. Јас сметам дека текстовите на амандманите не се баш идентични. Но, не е битно. Изгласа парламентарното мнозинство тоа што изгласа.

Јас сметам дека ваквито предлог произлегува и од тоа што и вие, но и парламентарното мнозинство знае дека такво чудо нема да се случи,односно сигурно нема да дозволат да се изгласа. Така што и такви заврзлами, доколку би се случиле, нема можност. Можеме на раат и мирно да разговараме по однос на сите.

Почитувани пратеници, почитувнаи коелги,

Јас сметам дека членот 2 е член што е страшно фалшив во овој закон. Своевремено, еден колега од нашата Пратеничка група, во една расправа по еден сличен закон на овој искажа дека полош закон или полоша варијанта или полош текст на закон не видел. И јас тоагаш се согласував со таа дискусија. Меѓутоа, гледајќи го денеска овој член 2, па да не рачам и целиот закон, меѓутоа сега конкретно за членот 2, мислам дека овој е рекордер. Мислам дека дури и до крајот на овој мандат, па и можеби и наредните мандати, ваква катастрофа од текст нема да се случи. Овој текст, почитуван претседателе, не мртдајте со глава, затоа што ќе образложам зошто е така.

**Љупчо Јордановски:** Не, само сакам да кажам и од лошо има полошо, бидјеки одите по таа варијанта, тоа сакав да го кажам.

**Жарко Караџоски:** Овој текст на членот 2, бидете сигурни оваа Влада не го измислила. Оваа Влада, во континуитет знае да препишува. Меѓутоа,кога преписот го прави од макеоднски текст, тогаш текстовите се идентични. Може да се случи, ако препишувате од некаков си друг текст, да речеме на хрватски закон или не знам кој друг па да го греши преводот, па да се случи како што се случи со Предлогот на закон за работни

односи, за да не знаеме што сака да каже писателот. Затоа што и преводот е лош.

Но, овој текст, на членот 2 е апсолутно идентичен со членот 2 на текстот на Законот од 1997 година. Тој текст падна на Уставниот суд. Сега, ипаѓа дека уставна норма за нас не значи ништо. Сите овде во Парламентот, испаѓа дека сме лаици, дека немаме поима што е тоа уставна норма кога можеме да читаме повторно идентичен текст на она што веќе Уставниот суд кажал,она што одлучил, она за што пресудил. Уставната норма, претседателе, еве нешто повеќе да научиме од правото, е дел од правниот систем, дел од изворите на правото. Нешто што задолжува и понатаму да се примени. Нешто што е исто како закон.

Кога тоа станува уставна норма, не можете вие ни како Влада, ни како Собрание да си дозволите да ја вметнете истата одредба сега во овој текст на закон. И мене ме чуди да Министерството за правда, преку кого оди овој закон, нормално како предлагач е Владата, да тоа не го знае и да тоа не може да го научи, иако во таа Влада таму денес седат еден куп професори. Кој по римско право, кој по не знам какво право, има и адвокати и т.н. До вчера, нели.

Мене ме чуди кога може колешката Силвана Бонева да го свати , да го научи и да објасни овде, да ви дава 15 минути објаснување, што апсолутно го подржувам и му се восхитувам, 15 минути објаснува што значи уставна норма, а да колегите кои се министри, кои се правници, професори, доктори на науки поправо да не знаат што значи уставна норма и да ни предлагаат еден ваков закон. Или тие пак одат на курс кај господинот Али Ахмети, највероватно, а не треба да потсетувамкој е господинот Али Ахмети, дека такви курсеви Владата нема што да научи од него. Може да научи нешто сосема друго. Се надевам дека тоа не им е цел.

Но, очигледно е дека овде ништо не помага. Очигледно е дека овој Парламент го претвораме во: опозицијата лае, возот, караванот си тече, ние ќе го донесеме законот сакале вие,односно вие ќе го донесете, сакале вие или не, па ќе видиеме што ќе се случува во иднина.

Е, не знам што ќе се случува во иднина кога се носат вака лоши закони, затоа што ниту еден закон што нема да го почитуваат, ниту сакаат сите граѓани во Република Македонија, сигурно дека нешто ќе се случи. Да речеме, албанската заедница милува да зборува вака: ако не го прифатите овој текст на закон или еве конкретно членот 2 не биде како што е вака или не дај Боже да не се усвои овде, значи според нив, вака предложениот текст, тогаш ќе речат - што сакате да земеме повторно пушки, во планина? Значи, секогаш има нешто над. Секогаш има некоај присилба, секогаш има нешто зад кое стои како алтернатива и ние овде, "помалата воденица", сме должни да ги исполнуваме нивните желби. Дури и на вакви лоши текстови, дури и да се повредат уставни норми и што ти јас знам се. Заради господата да не станат од господа повторно партизани, како што велеше господинот Гзми Острени.

Навистина се доведуваме од правото илид а ги фрлиме дипломит еилине знам што да правиме со тие дипломи. Бидејки јас, навистина, не можам да си дозволам, кога Уставниот суд веќе еднаш кажал, сега повторно да го гласам. Да не тргнам да зборувам за сите други.

И сега, почитуван претседателе, со огле да, се извинувам што полемизирам, претежно вас ве прозивам, но единствено сте вие наспроти мене, па кога зборувам од место, вас ве гледам.

**Љупчо Јордановски:** Јас тоа не го прифаќам како нешто тешко. Кажете вие само малку по амандманот.

**Жарко Караџоски:** Сега конкретно по амандманот.

Морам да го прочитам членот 2 за да стане појасен амандманот што го предлагам јас и моите почитувани коелги. Значи, членот 2 гласи вака:

"Заедниците во Република Македонија, заради изразување на својот идентитет и особеностите, имаат право да употребуваат знаме".

Овде нема ништо спорно и затоа немате амандман на ставот 1, ниту еден во сите поднесени.

Ставот 2, што е најпроблематичен, за што постои еден куп амандмани. Тој вели вака:

"Под знаме, во смисла на став 1 од овој член, се подразбира знаме што заедниците го избрале и го употребуваат како знаме за изразување на својот идентитет и особености".

Токму тука е проблемот. Тоа што јас го зборувам дека е катастрофално напишан.

Прво, овој став воопшто не кажува, вели "што заедниците го избрале". Не кажува како го избрале, како ќе се бира, кое е тоа знаме и т.н. Овој текст на ставот 2 е во закон што не може да опстојува самостојно, а без претходно да има одредба или закон или било што ќе регулира какви се знамиња имаат заедниците. И сега ние погодуваме ќе биде ли Албанско, ќе биде ли со орел, ќе има ли апликација, нема да има апликација и т.н.

Е сега, повторно ќе го псотавам прашањето, мислите ли дека Минситерството или пак Владата е наивна и не знае дека е ова лош текст? Напротив. Знае. Намерно го испушта она што ние овде во амандман го кажуваме. Да речеме, мојот амандман вели вака: занчи, истото ова, но се додаваат зборовите "а кое во исто време не може да биде знаме на друга држава". Сега, со колегите, нивното е нешто слично во оваа верзија, со една ваква додавка, со вакво додавање на ставот 2 се прави дистинкција помеѓу тоа што може да биде употребено како знаме на етничка заедница, што може да биде државно знаме. Мислам дека секаде во светот, вакви амандмани какви што ние ги поднесуваме ќе бидат општо прифатени заради правните

норми, да бидат оддржувачки, да бидат во сила, подолго време да не ни се случува да ни ги укинува Уставниот суд, секој втор ден, и нормално да знаеме што кажуваме во членот. Вака, ние не знаеме што кажува Владата со ова. Дозволува секаков простор.

Се отворија дискусии за тоа од каде знаете дека сега Албанците ќе веат државно знаме? Затоа што оваа одредба не ни вели така. Меѓутоа, општо познато е, тоа е ноторен факт, сите го знаеме и т.н.

Е сега, замислете сега да не беше овој член 2 и ставот 2 на овој закон. Јас ве убедувам дека воопшто немаше да има толкаво кршење на копје овде на јавна говорница, ниту пак толку големи расправи. Сигурно дека и господинот Тито Петковски и Лилјана Поповска немаше да поднесат амандмани. Можеби немаше ни да дискутираат, иако потекнуваат од позицијата.

Сигурно дека немало да дојде до тоа. Тука е суштината на проблемот. И сега повторно ги отвораме истите тези, истите расправи. И, по кој знае кој пат, како што кажаа колегите пред мене, треба некого да убедуваме што е државно, што е национално, што е етничко и што ти јас знам се знаме. Потоа, треба да убедуваме што значи суверенитет, како тој се идентификува и т.н. и т.н.

Еве, јас ќе се послужам, ајде да не бидам кога дискутирам, да не бидам со зборови некакви демагоќки или какви, што не може да ги разбере обичниот граѓанин, ќе се потрудам да бидам пoсликовит. Обично, кога носиме закони, во нивнит еобразложенија се повикуваме на праксата во соседните држави во Европската унија и т.н. и т.н. По разни директиви, конвенции што сме ги ратификувале и што ти јас знам се не, бидјеки е тоа исто така извор на правото во Република Македонија. Кога ги ратификуваме, се дел од правниот систем.

Сега многу милуваме да зборуваме за Европската унија, за тоа како нивните закони треба да ги применуваме кај нас за да станеме ние членка на Европската унија. Јас ве убедувам, почитуван претседателе, почитувани колеги, ако утре ние станеме членка на Европската унија, ние ќе бидеме уникатна држава во рамките на Европската унија што ќе имаме ваков закон, каде што во нашта држава ќе се веат секакви други знамиња, за разлика од сите други држави во Европската унија кои такво чудо немаат.

Еве, ќе ја земам за пример Република Грција. Не поради тоа што е наш јужен сосед, не поради тоа што си ги знаеме сопствените проблеми, но ќе ја земам како членка на Европската унија. Дали можете да замислите во Република Грција, во скоро време, можеби, не знам за колку време, некое идеално време, дали можете да замислите дека во Република Грција ќе се вее, за догледно време, знаме на Република Албанија како етничко знаме на Албанците таму или знамето на Република Македонија како етничко знаме, знаме преку кое Македонците во Република Грција ќе го изразуваат својот национален идентитет? Можете да го замислите тоа? Можете, но до колку Спилберг го режира тој филм бидејки ќе биде жива научна фантастика. Инаку, во реалниот свет нема да го видите тоа.

А, знаете ли зошто? Затоа што Грција како членка на Европската унија не сака да помисли да не признае за етничка заедница, а камо ли да даде знаме. И тоа уште повеќе, државното знаме да го вееме?! Згор на тоа, наше знаме во Република Македонија, што сопствено го избравме овде, на Парламентот го гласавме, тие ни го сменија во сопствената држава, а камо ли да ни дозволат во Грција да се вее, не знам, и ова знаме или кое било знаме. Тоа е почитуван претседателе Европската унија.

Ајде, да викажам за некоја друга, сакате ли? Не мора. Еве, да јаземеме Бугарија. Можеби таа утре ќе стане членка на Европската унија. Замислете и тамуд а се вее знаме на Република Македонија, можеби на Турција или не знам кој, кога и таму, овде не не признаваат за народ, онде јазик не ни признаваат, велат дека бил бугарски, а камо ли пак таму. Нема теоретска шанса.

За коаја друга членка на Европската унија да ви зборувам? За Германија, за Франција. Сте виделе ли некаде, вие сте повеќе шетани, нормално како претседател на Собрание, па и овде други коелги повеќе се шетаат, дали кога влегувате во земјите на Европската униај се чудите кога на барјакот на Бундестагот или не знам кое таму собрание ќе видите еден куп знамиња, државни знамиња? Да, ќе видите, но тоа се знамињата на Европската унија, суверени држави во рамките на еден сојуз. Меѓутоа, внатре во Германија нема да видите такво чудо.

Ќе видите само едно знаме кое го идентификува суверенитетот на држава, независно какви заедници и народи, како сакате крстете ги, живеат таму. Тоа ќе го видите и во Англија односно Голема Британија, тоа ќе го видите и во Франција и секаде.

Македонија, можеби ќе ни биде чест во нешто и ние да бидеме први, еве јас би посакал, со оглед на тоа дека овој закон овде ќе се усвои, би посакал нашиов пример да го следат сите европски земји, па дури и Америка. Да ги видам сите европски држави, членки на Европската Унија да личат на село весело како да е вашар, собор и незнам што, кога ќе се истакнат сите знамиња и да не знаеме кој е суверенитетот на таа држава. А, ние почитуван претседателе, почитувани колеги токму на село весело и личиме, не само од економски аспект туку и од ова што сега ќе се случи.

Значи, да се разбереме, нормално ако можеме, и тука не сме против и не треба да се гледаме така, едни се за, други се против. Не сме против да се истакнат знамиња на етничките заедници и да си го идентификуваат својот национален идентитет, но сме против во една суверена држава да има белези на други суверени држави и да личиме како што кажав на нешто што не постои никаде.

Тука, албанците, пратениците албанци од 1941 година наваму не убедуваа, па и назад, дека ова знаме кое што сега се вее во Западна Македонија, неспорно надвор од државното, орелот на црвена основа, било нивно национално знаме. Ајде да се сложиме дека е така, меѓутоа има една друга работа кога национално знаме за идентификација на еден народ станува државно знаме на една друга држава, а која носи име Република Албанија неможете вие да го веете како национално знаме во други држави затоа што веќе претставува одраз на суверенитет на една сосема друга држава.

Или една друга ваква теза, ако ви е досадно да продолжам,

**Љупчо Јордановски:** Јас тоа би сакал да кажам, ми забранивте да пуштам музика, а мобилните се максимално музикални овде. Ве молам да си ги исклучите мобилните.

Продолжете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Почитуван претседателе, сега ќе направам уште една споредба за да ја потврдам тезата за која зборувам дека истакнувањето на државното знаме значи суверенитет на една држава. Еве ви пример, ваков. Сие ние памтиме, затоа што векот човечки е полн со војни и така натаму, кога една земја окупира друга земја со што го изразува идентитетот односно суверенитетот дека ја окупирал. Прво го става знамето таму каде што треба да го стави, за да се каже дека од денес ова е сосема друга држава. Тоа се случуваше и во Втората светска војна, тоа се случуваше и претходно. Се сеќаваме како борците ги носеле знамињата со гордост, па дури и животот го давале за да го спаси знамето.

Е сега вие во Република Македонија односно ние, нас ни се случи војна во Република Македонија во 2001 година но не поради Уставот, тоа се демагогии, поради територии кои што имавме можност да ги прочитаме во комуникеата и така натаму, која заврши како што заврши, но не е комплетно завршена, значи е малку модифицирана. Сега со ваквите закони со она што сега и го даваме на албанската етничка заедница да може да вее знаме на суверена туѓа држава ние всушност признаваме дека тој дел ни го окупира, со тек на време. Да не зборувам за законот за територијална поделба, и да не зборувам дека утре да не стори господ, може да ни ја оцртаат и границата на Илирида за која што многупати ги гледавме како ни се шетаат низ Скопје со такви карти.

Е, затоа почитувани колеги, овде зборуваме вака, со емоции и затоа почитувани колеги не можеме да избегнеме од она што знаеме што ни се мота во главата.

Ние како пратеничка група, јас лично како пратеник не можам да си го дозволам тоа затоа што сакам да живеам во една држава која што треба да ги почитува меѓународните норми, сакам да живеа во држава која ќе биде членка на Европската Унија а не сакам да бидам унитарен пример за глупост, туку сакам да бидам пример за нешто што значи подобар живот. Или да се прилагодиме онаму за кое што сите тежнееме, да земеме пример за тоа што не знаеме, а не да даваме ние пример на светот за тоа какви глупости треба да прават. И, верувајте никој нема да го примени ова што ние го правиме, никој. Ниту пак некој ќе примени ваков концепт на мултиетничка држава, се знае заедница, не се знае ни кој се ни што се, сите се во еден лонец ставени, и боже мили не се знае ни кој е нација ни што е нација. Нема таков пример, ова е единствен и незнам до кога ќе биде.

Од тие причини, што да кажам на колегите од СДСМ одамна им се ушите затворени, затнати. На колегите албанци не разбираат македонски бидејќи превод не оди, не верувам, одамна македонски не разбираат, а и да го разбираат не сакаат да го слушаат ова што го зборуваме затоа што тие си имат свои аргументи и само нивните се во право, другото е се бламажа и демагогија. Едноставно можам да кажам само вака, почитувани колеги не гласате за партија, не гласате за никој освен за Република Македонија, за нејзината иднина и за граѓаните на Република Македонија. Ако ја сакате Република Македонија, ако ги почитувате граѓаните и нивното мислење овие амандмани кои што се поднесени треба да ги прифатите. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Караџоски, бидејќи се обративте кон мене дозволете еден мал коментар. Прво, мислам дека стe во голема грешка што сте толку самокритични и рековте дека сите правници односно вие треба да ја фрлитте вашата диплома заради ваков закон. Јас напротив мислам дека треба да бидете горди бидејќи вашата наука е креативна. Мојата наука не е креативна каде што јас сум љубоморен бидејќи еднаш кога е измислен или откриен Законот за гравитација јас тука нема што да бидам креативен. Тоа е тоа. А, дека вие можем да бидете креативни кажува историјата. Тргнавме од Хамурадиеви закони, дојдовме до Римско право, потоа имаме појава на градови и држави, па имаме просветители каде што ги менувале своите закони и односи и филозофија кон правата и слободата на луѓето, па се формираа нации и држави и затоа, мислам дека сум љубоморен на вашата наука бидејќи треба да бидеме креативни и да направиме исчекор во она што значи демократија и право.

А, дали овој пример ќе го зема некој други земји, јас ви гарантирам дека ќе го земат единствено е прашањето дали ние ќе бидеме сведоци за тоа, како што и Жан Жак Русо рекол јас прво сум граѓанин, а после сум француз, не доживеал да види дека тоа сега е главен принцип во светот. Рамноправност на сите граѓани во светот.Благодарам.(Некој од пратениците бара реплика). Не нема раплика, ни процедуално. Ве молам имате сбор и ќе дојдете на ред. Бидејќи бев прозван затоа и одговорив.

Госпоѓа Митковска, имате збор повелете.

**Милка Митковска:** Господине претседателе, претходните три дена премногу се зборуваше на оваа тема за употреба на знамињата, дури ми се чини дека им станавме досадни на граѓаните, но тоа е тоа, ние мораме да продолжиме, тоа е наша должност.

Од сите овие дискусии се дојде до едно основно сознание дека потписниците на Рамковниот договор не се консултирани во изработка на овој закон и оттука се јавува конфузност во политичките ставови по овој закон.

Бидејќи членот 2 став 2 на овој закон, имено Законот за употреба на знамињата на заедниците за нас е спорен затоа нашиот амандман предвидува став 3 кој гласи "Знамето на заедниците не може да биде идентично со знаме на друга држава". Причина за предлагање на овој амандман е во незаконската основа на ставот 2 од овој член во предложениот закон кој излегува надвор од законските норми како и од Рамковниот договор кој предвидува да употреба на знамињата на заедниците, но во согласност со меѓународните норми што според овој закон не е испочитувана.

Тенденцијата на овој закон е да се изедначи употребата на албанското знаме со македонското знаме, а тоа и директно задира во суверенитетот на Република Македонија односно знамето детерминира пред се припадност на држава, а не на народ. Аналогно на тоа албанците за кои се однесува овој член од Законот, во суштина се припадници на територијата на Република Македонија и оттука тие треба да ги почитуваат државните симболи на Република Македонија, а за културниот и етничкиот идентитет на својата заедница треба да одберат свои симболи. Имено, симболи кои што не смеат да бидат идентични со симболи на други држави. Во исто време културниот и етничкиот идентитет на заедниците не се изразува само со употребата на симболите туку и со други обележја, како што е јазикот, образованието, театрите, дневниот печат, другите гласила, негувањето на обичаите, традициите и така натаму, секако, како што реков и симболите, но симболи кои не смеат да задираат во суверенитетот на Реублика Македонија и кои не смеат да бидат идентични со симболи на други држави.

Ако некој рече ограниченото право не е право, според мене, аналогно на тоа е, дека бескрајно неограниченото право е право на анархија, а секако тенденција на нас пратениците не е да се залагаме за анархија, туку за ред. Зошто само редот и законитоста на оваа држава ќе не однесе токму онаму каде што сме тргнале, во евроатланските интеградии. Со вакви закони не стигнуваме никаде. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Митковска.

Има збор пратеникот Илија Китановски.

Повелете господине Китановски.

**Илија Китановски:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани колеги, на почетокот би сакал јас да се приклучам на дискусијата што се отвори околу поврзувањето на амандманите, односно заедничкиот претрес. Мислам дека од формално правен аспект тоа е погрешно, затоа што во суштина се работи за различен текст на предложените амандмани ако по било кој од нив се усвои тие стануваат составен дел на Законот со оној текст кој што е напишан во амандманите, така да објаснувањето на претседателот, од друга страна, сега тој не е тука, но веројатно ова ќе го слушне ако го слушне, објаснувањето на претседателот на Собранието е дека ако се усвои еден амандман другите нема да се гласаат, мислам дека и тоа не е ниту деловнички ниту од формално правен аспект исправно затоа што која е тогаш суштината на поднесувањето на амандманите и зошто да не се дозволи гласање и за другите амандмани. Меѓутоа, тоа е да речеме чиста техника од друга страна тоа е добро што амандманите се споени и дискусијата се одвива заеднички за овие четити односно пет амандмани.

Добро е заради тоа што во тие амандмани има и амандмани поднесени од пратеници од владеачкото мнозинство на СДСМ и на ЛДП и тоа е добро, но на почетокот на мојата дискусија по овој амаднман сакам да апелирам и до другите пратеници од владеачкото мнозинство реално и објективно да ги согледаат сите аспекти на овој поднесен амандман и на суштината на донесувањето на Законот за употреба на знамињата навистина тој да биде општо прифатен и да ја оствари целта заради која што е наменет, а тоа е во контекс на реализација на Охридскиот договор да придонесе за релаксирање на меѓуетничките односи односно на подобрување на меѓусебната комуникација и соживот меѓу етничките заедници и македонскиот народ во Република Македонија.

Претходните говорници доста кажаа од сите аспекти, посебно колешката Силвана Бонева ја опфати од сите аспекти потребата од прифаќање на овој амандман и навистина гледано од страна кога би можело, од една условно непристрасна политички, зборувам, позиција, навистина нема аргументи кои што би можеле да се спротивставаат на аргументите кажани од неа и од другите говорници за прифаќање на овој амандман бидејќи со тоа воопшто не се загрозува употребата на етничките симболи на етничките заедници во Република Македонија, туку напротив се нормира и канализира една ситуација во која што навистина како Република Македонија како млада демократија и како унитарна држава не смееме да дозволиме на било кој начин и со било какво толкување да се доведе во прашање нејзиниот суверенитет, територијален интегритет и нејзиниот уставен поредок.

Факт е дека ако овој амандман не се прифати ќе имаме ситуација да на територијата на Република Македонија ќе се вее знаме на друга држава и тоа соседна, на една третина од таа

територија што фактички и по сите меѓународни норми и меѓународна пракса значи поделба на суверенитетот на оваа територија помеѓу Република Македонија и Република Албанија во случајот. Сега ќе направам една дигресија, едно поврзување, на една третина од територијата, за жал почитувани колеги од владеачкото мнозинство ја дефиниравте кога го усвоивте Законот за територијална организација на единиците на локалната самоуправа и кога границите на општините ги исцртавте исклучиво по етнички критериуми па така во многу градови и општини во Западниот дел на Република Македонија етничкиот состав драстично беше променет на еден вештачки начин со придодавање и одземање на населени места и дојдовме во една ситуација каде што со донесувањето на овој закон на една третина од таа територија ќе се вее знамето на соседна држава е буквално капак на се.

Во овој момент имаме ситуација со донесувањето и со изгласувањето на тој закон и со страшниот притисок што власта го направи за неизлегување на граѓаните на Референдумот македонците во општина Тетово сега во овој момент паднаа на 23%, во Гостивар паднаа и под фамозната граница од 20%, значи сега се 18%, во Струга од мнозинство отприлика од 56% сега се цирка 35%, во Кичево за 4 години од 63% ќе бидат некаде околу 38%. Во Дебар неалбанското население, значи македонците, турците и муслиманите имаат сепак еден завиден процент, меѓутоа и таму ќе имаме една ситуација значи на целата оваа територија од Скопје до Струга буквано на сите државни и локални објекти ќе се вејат знамињата покрај на Република Македонија ќе се вее и знамето на соседната држава Република Албанија и затоа кај граѓаните во јавноста верувајте нема аргументи, нема факти, нема зборови, нема теории, нена месечини, нема Марс, значи не постојат ни планитарни тела кои што можат да ги убедат во исправноста на овој Предлог на закон, ако не се прифати амандманот со кој што јасно ќе се прецизира дека употребувањето на знаме на друга држава неможе да биде нормирано како етнички симбол, како етничко знаме на било која етничка заедница во Република Македонија.

Постојано зборуваме за унитарноста на државата и гледам доста дискутантите во општата расправа од збор не ја вадеа унитарноста на државата, заедништвото и така натаму, унитарноста на државата почитувани колеги се гради со закони, со законски акти и со дела, а не со правни декларации и со зборови и би сакал некој да ми одговори од оние кои што ќе го отфрлат односно ќе бидат против овој амандман, а ќе го поддржат законот каква е унитарноста и каква е таа унитарност на било која држава ако на една третина од нејзината територија се вее знаме на друга соседна држава.

Дали тоа имплицира на унитарна држава и дали со тоа не се отвораат мали вратичиња или мали можности за идна федерализација на државата.

На крајот бидејќи направив една паралела и со Законот за територијалната организација на локалната самоуправа, кој што ја дефинира буквално територијата и општините на кои ќе се вее знаме на друга соседна држава, сите вас уште еднаш ве повикувам на пратеничката совест и доблест, навистина реално да ги согледате сите аргументи и гласате по сопствено убедување. Јас сум уверен дека сопственото, личното убедување ќе надвладее над она што двајца или тројца луѓе или една, две партии го договориле и кои сметаат дека и граѓаните и населението го поддржува, со едно генерално прашање: поврзувањето на овие два закони и нивната импликација на територијата на Република Македонија, значи поделен суверенитет на голем дел од територијата на Република Македонија и дали со ова ќе покажеме дека тоа беше целта на Законот за територијална поделба, на кој толку многу внимание се посвети и во јавноста, се организираше и референдум, дали тоа е целта и на овој закон, на 1/3 од територијата на Република Македонија да легализираме употреба на државно знаме на туѓа соседна држава.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господиен Китановски.

Има збор пратеникот Лилјана Поповска.

Повелете госпоѓо Поповска.

**Лилјана Поповска:** Почитуван господине потпретседателе, почитуван господине заменик министер, почитувани колеги пратеници.

Водиме апсурдна дискусија, докажуваме дека белото е бело и црното е црно. Овој амандман го предложивме со колегата Тито Петковски, сметајќи дека знамето на заедниците треба да се разликува од знамињата на други држави. Кажани се многу аргументи до сега, јас ќе дополнам со само уште два аргументи, кои до сега не беа искажани.

Во повеќе дискусии се спомнуваа два светски примера, каде што имало наводно вакво решение. Беше спомната Финска и беше спомната Романија.

Почитувани колеги пратеници, и двата примера не се вистински. Едноставно се тотално несоодветни и се лага. Сакам да ви илустрирам, се погрижив да најдам знаме на тие фамозни острови во Финска, таканаречени Аландски острови, каде што живее шведско малцинство и каде што се тврдеше дека се вее знамето на Шведска. Дозволете ми, еве го, ова е шведското знаме, сино со жолт крст, додека ова овде е знамето на таканаречените Аландски острови. Тоа е во основата шведско знаме, но со црвен крст врз него, кој што е семен како една од боите на Финска, во средината на финзкото знаме има црвена боја. Значи сите приказни што ги слушнавме дека некаде во Финска се вее знаме на Шведска, за малцинските права на Швеѓаните во Финска се лага и јас сакам тоа да биде разбрано и замапеметно, за да имаме искуство и

поука и во други случаи да ги проверуваме аргументите што некој ги искажува, а ни звучат нелогично.

Сакам да го кажам и вториот пример за Романија, каде што се спомнуваше дека се употребува знамето на Унгарија, на државата Унгарија за потребите на унгарското малцинство. Таму се вее знамето на Унгарија, меѓутоа, не на државни објекти, не на објекти од било каков вид, туку само при официјални средби. Јас ве молам да ги проверите, тоа е дел од Законот за знамиња за државни симболи на Романија, со еден амандман е уфрлено тоа значење. Значи специјално за унгарското малцинство. Значи нешто сосема друго од она што го имаме овде како предлог и од она што се наведува овде како аргумент.

И уште нешто треба да знаеме за романија. Таму каде што живее унгарско малинство во Романија, се работи за анектирани унгарски територии, што е исто така сосема различна ситуација од оваа што ќе биде со Западниот дел на Македонија, затоа што, да ве потсетам уште еднаш, тука имаме албанско малцинство кое што во делови од оние општини каде што сега ќе се вее постоело и порано, некаде и не постоело, а македонско компактно население живее дури во целиот источен дел на денешна албанија, во Голобрдо, Мала Преспа и Гора. Тој дел е анектиран пак, односно сменет за територии на Скадарско блато и за манастирот Св. Наум во 1922 година, во време кога Македонија била под српска влст и тогашниот српски крал така одлучил. Значи, тоа ни се случило нам, меѓутоа, тогаш не сме имале можност да одлучуваје за себе и за својата иднина. Сега ние овде одлучуваме за себе, за својата индина денес, но и за иднината на она што ќе им го оставиме на нашите поколенија понатаму.

Убедена сум дека со овој закон не се затвора прашањето за употреба на симболите, туку напротив, се отвораат нови теми и нови дилеми. Се создаваат специфични ситуации што се дефектни по својата природа и што праќаат лоши пораки и внесуваат немир. Овде има, почитувани колеги, според мене, јасна тенденција што само наивен и неук нема да ја види, а само злонамерен и неодговорен нема да ја каже. Затоа, за мене не држат воопшто тезите дека ова мора да го прифатиме токму вака како што е кажано и не може да се прифати овој наш амандман, затоа што ова бил наводно условот за да влеземе во Европа.

Почитувани колеги, јас сакам да кажам пред сите вас, јас не сакам никаде да одам ако тој пат и цената за тој пат не условени со внатрешни граници, затоа што утре нема да имам со што да бидам дел од Европа. И ако денес ни е можеби комотно да живееме со главата во облаците, а со нозете во воздух, да помислиме што ќе биде кога еден ден ќе се приземјиме, да на се случи некој во меѓувреме да ни го истргне чергичето од под нозе и да немаме на што да стапнеме.

Затоа, би завршила со една парафраза на една позната изрека: "Да видиме што правиме за својата држава, да видиме што и правиме на својата држава и да видиме која е цената што и го правиме токму тоа".

Благодарам.

(Аплауз од некои пратеници).

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Поповска.

За реплика се јави пратеникот Рафис Алити.

Повелете господине Алити.

**Рафис Алити:** Ви благодарам потпретседателе.

Навистина пратеничката, за жал, во текот на својот говор во однос на амандманот кој што е предложен даде неточни факти и замина толку далеку што рече дека неколку делови на денешна Албанија биле анектирани од делови на Македонија, како што сакаше да алудира таа, а потоа се демантира самата себе дека во тоа време не постоеше Македонија, туку постоеше Кралството на Србите, Хрватите и Словенците и мислам дека ваквите тези не само што не се во интерес на иднината, туку напротив, оние што ја познаваат историјата знаат добро кои делови се анектирани. Меѓутоа, мислам дека на дневен ред не е тоа и не е точно тоа што се лансира и од соговорничката и од други дека ќе имаме двоен суверенитет.

Државното знаме е симбол кој што ќе го докаже суверенитетот на Република Македонија во сите краишта на оваа држава и тоа се гарантира со закон. Но не мислам дека не е коректно на ваков начин да ја ориентираме дискусијата или дебатата. Мислам дека и натаму доколку се оди на ваков начин, ние правиме штета на самите себе си, затоа што можеби свесно или несвесно ќе отвориме други теми, што не е во интерес на ниту една етничка заедница да се отвораат тука.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Алити.

Една минута контра реплика за пратеникот Лилјана Поповска.

Повелете госпоѓо Поповска.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитуван господине Алити, јас ви благодарам за репликата. Очигледно не ме разбравте бидејќи погрешно цитиравте некои делови од мојот говор. Јас спомнав за размена на територии во денешна Источна Албанија со одредени делови кои сега припаѓаат во Македонија или во Србија и точно во тоа време Македонија била под српска окупација. Затоа реков дека друг одлучувал за нас, но денес ние сме тие кои одлучуваме за себе. Ова се податоци кои може да се проверат, тоа се случило 1922 година, има сосема доволно документи и јас не би сакала да аргументирам.

Меѓутоа, интересно е господине Алити, зошто вие не коментиравте ни дел од оние аргументи што ги спомнв за примерите во Финска и во Романија,

каде очигледно докажав дека се рабти за лажни аргументи кои што од ваша страна, од страна на вашата пратеничка група беа презентирани.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Поповска.

Има збор пратеникот Тито Петковски.

Повелете господине Петковски.

**Тито Петковски:** Господине потпретседател, господине заменик министер, почитувани колеги,

Во одбраната на овој амандман се јавив не заради тоа да покажам, на тоа впрочем и немам право, дека сум наивен и не знам што значи политички договор, бидејќи законот по дефиниција е политички договор и дека можам многу тука нешто да именам, но што би рекол нашиот народ, да ми олесни на душата и а ми е чиста совеста, како гледам на определен проблем кој со години, еве, ако сакате од нашето осамостојување до денес ја бранува македонската јавност и кој што очигледно има сосема други историски конотации на овие балкански простори проколнати, отколку што би имало тоа да речеме во нордискиот свет или популарно како ја викаме цивилизирана Европа.

Самиот факт што овде овој закон побуди толку интерес, толку емоции говори дека сеуште има потенцијална опасност во Македонија да навлеземе во сосема други кризи, а интенцијата на Охридскиот рамковен договор и после тоа измените на Уставот имаат соссема спротивен интерес, да ја консолидираат безбедносната состојба, да го покачат меѓусебното доверие на многу повисок степен и да почне нормален развој на македонското општество, во кое што граѓанинот ќе биде основниот градежен материјал независно на која етничка заедница и припаѓа. Но очигледно дека знамињата или симболите кај нас имаат сосема друго значење. Значи не само историско, факт е дека знамињата имаат историско значење, меѓутоа, содржат и многу морални димензии. Знамето, грбот и химната се државни симболи секаде во светот, мора да биде така и во Македонија. Примерите што се случува околу нас, она во Албанија, во Бугарија, во Србија и Црна Гора, во Грција и земјите кои што сега влегоа во Европската унија, покажува која треба да биде насоката во која треба да се движи Македонија. Но очигледно дека кај нас не може да се случат нормални работи, тие што се случуваат таму во тој свет. Затоа и тие отидоа многу понапред и се членки на Европската унија, затоа и ние не можеме да бидеме тоа или патот ќе ни биде многу многу посложен. И јас ќе тргнам од тоа.

Факт е дека во Македонија имаше војна во 2001 година и факт е дека меѓу другото проблемот беше околу идентитетот и наводно граѓанската рамноправност или нерамноправност во Република Македонија и дека тие рани, тие трауми не можат преку ноќ да се надминат. Мене ми е тоа совршено јасно, како што исто така ми е јасно дека овој закон, тоа е мое лично уверување, не води кон градење на довербата и кон проектирање на една стабилна држава. За мене тоа е најбитно. Еве ги аргументите зошто. Заради тоа што знамето по дефиниција значи припадност, значи идентитет, па ако сакате значи и сопственост на една територија. Треба ли да потсетам дека во времето кога се освојуваше Дивиот Запад, кога луѓето се постројуваа во освојувањето на територии, дали со чези, пеш, на коњи и тн., трчаа таму и го забиваа знамето. Тоа значи таа територија е моја. Знамето симболизира припадност и сопственост на една територија. Тоа многу не се изменило и до ден денес. Но во секој случај, знамето симболизира и нешто друго што се вика патриотизам. Зошто да речеме сите што ќе дојдат во САД ја сакаат САД како своја земја. Тие го креваат знамето и ја пејат американската химна, се идентификуваат со неа. Така се гради патриотизмот. Ние овде ќе имаме двоен идентитет. Имаме идентитет на државата Република Македонија и имаме национален идентитет на една етничка заедница и нашиот проблем е токму во тоа што тој национален идентитет или идентитет на една етничка заедница тоа знаеме во исто време е државно знаме на една соседна држава. И не само што буди историски реминисценции, туку има и друга констатација, соседите кои имаат проблеми со граници, па ако сакате воделе меѓу себе војна - во овој случај можеби е среќна околност што Република Македонија и Албанија не воделе војна затеритории, иако одиграле некоја сосема друга улога во историјата големите сили, па тоа го направиле околу некои поделби и распределби на овие територии, во овој случај соседството, доближувањето или граничењето со една земја која има ист државен симбол, буди кај граѓаните од другите етнички заедници најблаго речено недоверба.

Сакам да ве потсетам исто така дека Словенците и кога продаваат јавно претпријатие на тендер ги исклучуваат соседите, забрануваат или барем не дозволуваат Австријците или Италијанците да се јавуваат на тендер на јавните претпријатија да ги купат од познати причини, дел од нив кажав.

Значи, ова што се случува сите овие години наназад во Македонија не води и желбата да се вее државно знаме на територијата на Република Македонија, која што во исто време треба да претставува знаме или симбол на етничката заедница, не гради според мое мислење стабилна перспективна држава Република Македонија и која ќе треба повеќе да не доближи до граѓанско општество отколку Македонјиа повеќе да ја назначува како конголмерат на етнички заедници.

Дефинитивно мислам дека и Рамковниот договор, кој што беше неколку пати тука цитиран, не ни дава за право во оваа насока да ги уредуваме работите, бидејќи таму стои дека единиците на локалната самоуправа, пред единиците на локалната самоуправа може да се подигнуваат нзмињата кои ќе значат идентитет на етничките заедници. Значи и со одлука на

единицата на локалната самоуправа, ќе се утврди начинот на поставувањето ако сакате со различна висина, оддалеченост и така натаму, што е тема на еден друг закон.

Според тоа, мислам дека не правиме добро доколку не усвоиме макар еден мал симбол на ова знаме на друга држава, кој што ќе изразува припадност кон македонската држава, бидејќи и сите овие години наназад има страотно сериозен отпор кон македонското знаме на териториите во Западниот и Северозападниот дел на Македонија. Кога се прави компромис за еден државен симбол, треба да се прави компромис, а не исклучивост.

Ќе завршам, мислам дека колегите пратеници од албанската етничка заедница во Македонија треба да покажат, наспроти спремноста за еден таков политички договор, подготвеност за хомогенизација и за градење на Македонија како заедничка татковина на сите што живееме овде, меѓу кои како држава и знаме тоа го симболизира.

И конечно, ако сакате, еве еднаш го цитирав овде, да парафразирам и Коранот во еден свој дел вели, дека на верниците татковината е таа каде што живеат и каде што ги уживаат благодетите што им ги пружа заедницата.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Ефтим Манев.

**Ефтим Манев:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Како потписник на амандманот на членот 2 од законот за употреба на знамињата на заедниците кој што е многу близок и сличен, можам да кажам и ист, со повеќе амандмани кои што се расправаат сега по оваа точка на дневниот ред. Што е тоа што би сакал јас да кажам што сметам дека иако е кажано од нашите колеги, сепак има потреба да има посебно внимание и посебно да ја сватиме суштината која што ја бараат пратениците кои што ги поднеле овие амандмани. Основна причина е тоа што законот кој што е на дневен ред, членот 2 недоволно ја регулира материјата во однос на знамињата на заедниците, кои се тие знамиња, какви се тие знамиња, многу е празен, едноставно како да не постои. Постои само употреба на знамиња, кои знамиња, како тие знамиња ќе се носат, како заедниците да ги купуваат од некаде па можат да речат, е ова е наше знаме. Сметам дека во државата мора да има еден ред и поредок. Не може баш така. Не може, ако знаме на држава се носи со 2/3 мнозинство, а да донесеме знамиња на заедници со просто мнозинство, сметам дека е чудно, смешно и болно за Република Македонија. Зошто? Основен спорен факт кој што го истакнуваат скоро сите пратеници е тоа што, бидејќи овој факт е нерегулиран во законот, а засега постои во Република Македонија, поготово албанската заедница во Република Македонија да го употребува знамето на Република Албанија. Имавме доста дискусии по тоа прашање. Колегите пратеници во Парламентот истакнуваат дека тие употребуваат знаме кое што го изразува нивниот идентитет и дека тоа знаме како национално знаме е многу постаро од знамето на Република Албанија. Било како да е кога едно знаме станало државно знаме не ќе може да се употребува во друга држава таквото знаме со кое ќе го изразува идентитетот на некоја заедница. Божем тоа го прави меѓународното право. Кажано е, има правни норми кога се употребува туѓо знаме, или знаме на друга држава, или во било која друга држава. Тоа е пропишано. Не може баш така. И дали со тоа се нарушува суверенитетот. И те како. Ние имаме државен суверенитет кој е неделив. Засега така стои во Уставот, а државата има свои симболи со кои ја одредува територијалната целина на државата, тоа е знамето, грбот и химната. Ако продолжиме ние и понатаму во Република Македонија да се употребува знамето на Република Албанија и те како суверенитетот на Република Македонија е поделен. Прашање е дали и можеме тоа да го направиме еднострано, затоа што знамето на Република Албанија и знамето на Република Македонија се донесени од страна на Собрание со закони. И дали со закон донесено едно знаме на една туѓа држава може да се применува на друга држава, што сметам дека е апсурдно. И треба ако такво нешто се обиде, мора да постои договор, спогодба која што ќе ја ратификуваат двете држави. Што ако Албанија, или било која друга држава ако не праша: што правите вие, кој ви дозволи да употребуваш знаме кое е донесено со знакот на таа држава. Знамето не е за играње. Во тој дел безборј се експертите и оние што знаат повеќе уставно право, меѓународно право, кои укажуваат дека и те како се нарушува суверенитетот на една држава доколку се вее знаме од друга држава. Не можеме ние да сметаме дека таа работа е толку едноставна се со цел да смириме некакви тензии, затоа што некои заедници поготово во Република Македонија во 2001 година сметале дека толку биле обесправени колегите од албанската заедница и борбата била токму за тоа. Ако била борбата да се употребува знамето на Република Албанија, значи борбата била да се одели една територија од Република Македонија. Сметам дека не била таква борба. И тоа што го зборуваат колегите пратеници немаат таков интерес. Ако немаат таков интерес, мора да се најде решение. И за тоа јас предлагав и на комисии и во говорот за потребата од донесување на овој закон да оди во две фази. И мислам дека ќе се најде решение. И неопходно е да се најде решение и да не дојде до надгласување и опозицијата која сепак претставува еден добар дел од граѓаните на Република Македонија, дали е 30%, дали е 40%, значи, на таквите прашања нас ни е неопходен консензус. Тоа ќе остане за век и векова и да не дојде до тоа ние нон стоп да се сукобуваме на прашања кои се непотребни. А истиот судир може да ни излезе и со Република Албанија. Може ли Република Албанија после пет години да каже, бидејќи тука се нашите знамиња, овој дел е наш и да изрази претензии и обратно. И за тоа

најнапред би требало да прашаат било кој од нашето Министерство за надворешни работи уште кога го предлагале овој закон, дали може да биде така. Дали може да прифатиш знаме на туѓа држава. Бидејќи има многу држави кои што се спротивставуваат на таквите иницијативи. И затоа не треба да се употреби знаме на друга држава, затоа што суверенитетот и те како ќе биде нарушен. Кој сака нека размислува, нека дојдат било кои експерти, нека ни кажат и овде во Парламентот дека не се руши суверенитетот на една држава ако се вее знаме на одредена територија , по однос дека на таа територија живее некоја заедница на етнички граѓани од друга држава. И те како се руши суверенитетот. И за да не би се надгласувале , Владата и сега може да го повлече расправањето по амандманите и законот да оди во две фази. Со опозицијата , со експерти и со потолерантен однос од колегите албанци кои сметам дека многу не им значи баш тоа што такво знаме да е, туку повеќе им стои инаетот. Ја начекале Република Македонија и мнозинството, дека или вака, или никако, што не треба да се допушти до тој степен. Мора да има некои граници што може, што неможе. И затоа уште еднаш би апелирал, јас сум убеден дека ниту еден амандман нема да помине. Но, треба да бидеме убедени сите дека тој закон што ќе се донесе, еден добар дел од граѓаните на Република Македонија нема да го сакаат. Сепак, можеме да направиме чекори да бидеме сите во нешто убедени дека така треба да биде и да го почитуваат сите граѓани.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Стојановски, имате 10 минути до пауза, мислам дека ќе биде доволно.

**Блаже Стојановски:** Целта која што треба да се постигне со овој член 2. Зошто на националностите порано, или сега етничките заедници, или најново граѓаните на Република Македонија кои што претставуваат дел од албанскиот народ имаат потреба од истакнување на сопственото знаме и што тоа претставува за нив. Мислам дека тоа е основното прашање на кое што треба да одговориме тука за да можеме да бидеме сигурни во правецот во кој што се движиме со донесувањето на овој закон. Во членот 2 дефинирано е дека целта на употребата на знамето на заедниците е заради изразување на својот идентите и особеностите кои што ги имаат како етничка заедница, односно како граѓани на Република Македонија кои што претставуваат дел од албанскиот народ и живеат тука и претставуваат граѓани на Република Македонија Меѓутоа, за да може да одговориме на ова прашање треба да видиме што навистина претставува знамето како симбол. Затоа што етничката заедница барајќи употреба на свое знаме сака преку тоа знаме да изрази одреден свој идентитет. Тој идентитет претставува идентитет на народ, или претставува идентитет на припадници на граѓани на Република Македонија кои што покажуваат лојалност кон државата Република Македонија , а културниот, верскиот и јазичниот идентитет го остваруваат симболизирајќи го преку знамето кое што како што стои тука тие го избираат, меѓутоа го избираат знамето кое што нема да ја нарушува нивната лојалност кон знамето на Република Македонија. Поаѓајќи од тука, сметам дека многу добро Министерството за правда почнало да ја дефинира потребата за донесување на овој закон на ваков начин и членот 2 од овој закон. И според нивното објаснување Уставот на Република Македонија претставува Устав на современа граѓанска држава, значи на сите граѓани на Република Македонија каде што значајно место зазема почитувањето на културниот, јазичниот и верскиот идентитет на секој припадник на заедниците и создавањето на услови за изразување, сочувување и раазвој на тој идентитет.Основното прашање е преку знамето како се раазвива идентитетот, дали тоа е развивање на културниот, дали е тоа развивање на јазичниот, дали е тоа развивање на верскиот идентитет или претставува симбол односно знаме кое што треба да претставува симбол во историска смисла. А јас тука заради јавноста сакам да искажам дека знамето во историска смисла претставува израз на територијален политички суверенитет и симбол на лојалноста и потчинетоста кон сувереност чие знаме се признава за свое и се почитува . Историската дефиниција на употребата на знамето дефинитивно доколку тоа знаме се употребува од страна на суверена држава како знаме на сите граѓани кои што живеат во таа суверена држава, а во таа суверена држава носител на суверенитетот е еден народ, значи тоа е национална држава пред се, а потоа граѓанска држава, тогаш се поставува прашањето како е можно во Република Македонија да ги проблематизираме овие прашања во контекст на употребата на државното знаме и употребата на знамињата на колективитетите. Ова особено што решението кое што го имаме во Република Македонија а за кое што многу дискутиравме во текот на минатата година преку законите кои што се однесуваа на децентрализацијата се темелеше врз Рамкковниот договор каде што согласно законот за локална самоуправа дефинитивно стои правото на единиците на локалната самоуправа или на општините да имаат грб и знаме. Ако тука се расправавме долго време за тоа во колку се општини ќе има мнозинство албанската заедница во Република Македонија и сега покрај тоа право кое што им се даде преку мнозинството а што го имаат во општините да имаат свој грб и знаме на таа општина, сега им се дава уште една можност како колективитет кој што живее на определена територија во Република Македонија за употреба на свое етничко знаме и тоа за државни поводи. Оваа варијанта која што се нуди сега дефинитивно значи одбележување на една територија во која што мнозинство е делот од албанскиот народ во Република Македонија, како што тие сакаат да се нарекуваат, или албанската етничка заедница во Република Македонија, а

покрај тоа го имаме и фактот на децентрализирана власт каде што општините, каде што тие исто така се мнозинство можат да имаат уште едно свое општинско знаме. Меѓутоа, проблемот овде кој што настанува е двоен. Еден е проблемот кој што произлегува од тоа, како е можно една етничка заедница во Република Македонија да може да го проблематизира државното знаме доколку преку него се идентификува македонскиот народ. Второ, знамето на општината да не го признава и за свое знаме како граѓанин на таа општина туку бара покрај тоа знаме да има и знаме на својата етничка заедница, на својата етничка припадност. Трето, во сите општини, значи независно од структурата на населението во тие општини да мора да се вее знамето на етничката заедница. Четврта работа, само ќе потсетам дека во Законот за локална самоуправа кој што се донесува со 2/3 мнозинство стои дека грбот и знамето на општините, или на општината се разликува од грбот и знамето на другите држави, единици на локална самоуправа на други држави и на меѓународни организации. А за споредба ќе ве упатам на точката 7.1 од Рамковниот договор каде стои дека употребата на симболите со кои се обележува идентитетот на заедницата ќе биде со почитување на меѓународните правила и примени. Согласно ова што го наведувам се дозволува на неуставен начин, тоа веќе го дефиниравме, имајќи ја во предвид тука и одлуката на Уставниот суд од 1998 година, истовремено имајќи го во предвид Законот за локална самоуправа кој што претставува основен закон кој што создава права и обврски за општините. И сега со закон кој што може да се донесе условно и со 41 глас во овој Парламент да се направи решение кое што ќе значи директно нарушување на Уставот на Република Македонија, на граѓанскиот концепт на Република Македонија, за територијалната неделивост на Република Македонија по етничка линија, затоа што на овој начин како што се предлага многу повеќе личи на израз на територијална автономија на етничката заедница каде што таа е во мнозинство одколку како израз на остварување на националниот идентитет на таа етничка заедница. Од овие причини сметам дека, ако основната цел на Рамковниот договор на кој што толку долго се повикуване на него е создавање на Република Македонија како унитарна држава со можност за децентрализирана самоуправа во општините и со создавање на можности за изразување на културниот, јазичниот и другиот идентитет, верскиот итн, на етничките заедници, со овој закон фактички дефинитивно се признава дека чекорот кој што се направи со територијалната поделба претставуваше дефинирање на границите во кои што сега ќе се вее и знаме на Република Албанија кое што според мене и според сите македонци значи не израз на идентитетот на таа заедница, туку пред се израз на припадноста на таа заедница кон сувереност чиј што симбол претставува тоа знаме, а тоа верувајте има и други причини да се аргументира. Меѓутоа, со оглед на времето и со оглед на минутажата која што ја имам на располагање, имајќи во предвид дека колегите пратеници чекаат да почне паузата, ќе оставам да го искажам во контекст на расправата по другите амандмани.

**Љупчо Јордановски:** Ви благодарам .

Објавувам пауза до 16,00 часот.

Пауза од 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,00 часот)

**Љупчо Јордановски:** Точно е 16,00 часот.

Повелете господине Андов имате збор.

**Стојан Андов:** Благодарам господин претседателе, господине заменик министре, почитувани колеги,

Еве веќе неколку дена расправаме една материја и некои работи се разјаснија и некои работи се се уште нејасни. Мислам оти се уште е можно некои од граѓаните да остане со впечаток дека дел од фактите така стојат што на едни им се познати, а на други пратеници не им се познати. Па, заради таа разлика толку многу спорат. Или, пак, истите факти различно ги разбираат.

Расправата по оваа група од 5 амандмани, на членот 2, ставот 2 од тој член нас не доведува во една ситуација, ако нешто досега не е разјаснето, сепак да се обидеме да го разјасниме. И, меѓу себе да го разјасниме и пред граѓаните да го разјасниме.

Овие амандмани имаа за цел да се отстрани можноста етничките заедници, во изборот на своите симболи, овде конкретно на своето знаме, да не се определат за знаме на друга држава. Тоа е суштината на овие пет амандмани што се поднесени од пратеници кои припаѓаат на различни политички партии, на разни пратенички групи и се и од власта и од опозицијата. Сигурно дека луѓето се сериозно загрижени и има зошто го прават тоа.

Тие предлози, не се против тоа етничките заедници да имаат свои знамиња. И, не се против некои знамиња на некои држави. Ни тоа не е точно. Овие предлози поаѓаат од фактот дека знамето на една држава го изразува нејзиниот суверенитет, и ако во друга држава се најде надвор од местата и поводите што се во меѓународното право сосема познати и тоа врз основа на законско право, да бидат користени од институциите, тогаш на тоа знаме, на некоја држава што ќе се користи во друга држава, го претставува нејзиниот суверенитет.

Можеби на луѓето не им е јасно за што ние овде разговараме. Ние, не сакаме никого да сомничиме дека сака да го ограничува суверенитетот. Имало во историјата територии каде на две држави биле употребувани знамиња. Тие, така наречени кондоминиуми фактички биле територии на кои што се простирал и меѓусебе се дополнувал суверенитетот на две држави.

Во Македонија тоа не е случај. И, нема место за такво нешто, да имаме ние територија каде ќе се употребуваат знамиња на две држави.

Овде, постојано станува збор и тоа треба да го кажеме дека е така, ова поаѓа од убедувањето на повеќето пратеници, дека Албанскаста етничка заедница ќе го избере знамето на Албанската држава. И тоа ќе го употребува во нашата држава. Сигурно е дека за тоа стравување постојат реални елементи.

Од друга страна постојат реални елементи заради што треба да се мисли дека токму така припадниците на оваа заедница ќе постапат. Заради тоа што тие имаат едно разбирање дека знамето на джавата Албанија е знаме на сите Албанци и дека пред да стане знаме на државата Албанија било користено од сите Албанци. Тоа е точно. Знамето што го користи државата Албанија, сега, е постаро од нејзиното постоење и е користено многу подолго време. Меѓутоа, сите албанци, одкако е создадена државата Албанија и знамето го присвоила, веќе мора да го корегира својот став. Не можат да го користат истото знаме ако не живеат во Албанија и ако не се државјани на Албанија. Барем не можат во службените прилики и институциите да го користат. Приватно, сигурно можат да го користат и тоа го прават.

Овие докази, што се редат сега, дека знамето на државата, ако се употребува на друго место, во друга држава не го означува нејзиниот суверенитет, не држат. Тоа ќе треба целиот свет да го убедиме во нешто што го знае светот, дека секогаш знамето го одразува суверенитетот на државата на која што и припаѓа.

Од друга страна, ако се мисли дека на секоја држава знамето го одразува нејзиниот суверенитет, ама знамето на Република Албанија ако се употребува во Албанија не го одразува нејзиниот суверенитет, тогаш се омаловажува нејзиното знаме и се покажува дека тоа фактички нема вачност како на симбол на суверенитет на држава.

Според тоа, работите се многу покомплицирани, отколку што изгледа на прв поглед.

Од друга страна, Албанците во Македонија се државјани на Македонија. На оваа држава. Имаат и партија што е овде најмногу застапена, тоа е Демократска унија за интеграција. Цел свет тврди дека недоволното интегрирање на Албанците во македонското општество е еден од проблемите од кои и нестабилноста на Македонија произлегува. Јас се надевам дека оваа политичка партија токму затоа и прогласи и во името си стави дека ќе се бори за интеграција на Албанците кои живеат како државјани на Македонија во македонското општество. Тоа, истовремено значи дека и нивните симболи не можат да бидат симболи на туѓа држава, како заедница, туку ќе ја симболизира нивната намера да се интегрираат во општеството.

Оттаму, произлегува уште една обврска, тие самите да размислат што ќе им е ним овде знаме на друга држава? Што значи тоа, кога истовремено би значело, ако нивната цел не е исказ на паралелна сувереност, на тоа знаме овде, ознаки на тоа знаме овде, тогаш ништо друго не значи туку омаловажување на знамето на друга држава, на Република Албанија овде, ако нема знак на суверенитет. А, истовремено ние треба да ја поздравиме нивната подготвеност, што е нормално да се очекува, такво настојување да постои, секаде да биде знамето, државното знаме на Република Македонија.

Меѓутоа, тоа што е вистинско решение овде, тоа е да им се дозволи, никој не може да го порече тоа нивно право, затоа што во историјата тие еднакво право и како граѓаните на денешна Албанија имале на тоа знаме, што албанската држава го присвоила, најважните елементи од знамето да ги задржат. Но, би морало да има на тоа знаме и некој знак што ја одразува нивната желба, решеност на интеграција, интеграција во ова општество. Па, во тој знак на заедницата да има и дел од знамето или боите на знамето на државата во која живеат.

Ние треба да се погрижиме да најдеме решение што фактички ќе ги задоволи нивните барања, нивното чувство, но ние треба да одиме во идентификација што е нивното чувство. Дали е нивното чувство да си ги запазат традициите, своите етнички обележја и сопствената историја, а истовремено да се борат за интеграција во ова општество, или за интеграција не се заинтерсирани, тоа е само пропаганда, а остануваат на оние решенија, еве веќе кај овој симбол, што фактички е симбол сега на друга држава.

Затоа мислам сега, со помалку емоции, со многу повеќе елементи за вистината, како ја презентираме, а потоа и кон светот, бидејќи штом со закон се утврди, тоа е пристанок на паралелен суверенитет, со веењето на две државни знамиња на инситуциите, тоа значи, ништо друго не значи, никому понатаму тоа не можеме да го објасниме. И, понатаму што сакаме можеме да кажуваме, кој каде изјавил, како ќе ја делел Македонија и ова и она и да викаме по него на цел глас, ние со овој закон тоа ќе го направиме. Бидете сигурни. Барем во искажувањето на симболот што го носи суверенитот. Тешко ќе можеме после да ги правдаме, а се разбира тогаш интеграцијата во општеството фактички ќе згасне,едноставно ќе се отстрани, сосема во друга ориентација ќе одат работите.

Еве, сакав да и овие работи ги нагласам иако во основа се ова беше кажано. Она што мене ми смета, сега да ви кажам, ги слушаме нашите колеги од Социјалдемократски сојуз, кажуваат работи како навистина да деруваат во овие работи штп ги кажубаат. Како навистина да не им познато што навистина значи државното знаме не една па на друга земја. Не верувам тоа да не го знаат. Ама ако навистина знаат што значи знаме на друга држава и негова примена во трета држава да launched речеме, во оваа наша држава овде,ако

тоа го знаат а зборуваат така како д не знаат,тоа ме загрижува многу.Тоа дури ме загрижува.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Рафис Алити, мислам дека реплики по амандмани не даваме, ве молам ќе се пријавите за збор, можете да кажете што имате.

(Дофрлање од место дека тоа веќе потпретседателот го дозволил).

Молам, па јас незнам потпретседателот да дава, јас не давам реплики.

Господинот Рафис Алити ќе дојде на ред за дискусија, ќе каже и ќе одговори.

(Од место се дофрла дека тоа веќе е дозволено во оваа расправа).

Господине Вејсели вие се пријавивте за збор?

(Од место се објаснува дека репликата од тоа е дадена)

А, имаше реплики, пред тоа, дадовте?

Ах, значи ми го уривате системот.

Три минути господине Рафис Алити, имате реплика.

Ајде, но тоа само за оваа седница, после нема.

**Рафис Алити:** Благодарам господине претседател.

Навистина, во текот на цело време господинот Андов спомнува интеграција на Албанците и произлегува дека доколку се направи измена во знамето или амблемот или во нивниот симбол, дека албанците полесно ќе се интегрираат во ова општество итн. Тези што не држат. Не држат затоа што Албанците не биле интегрирани во ова општество и кога немале право да го употребуваат нивното знаме. Тогаш не била пречка нивниот симбол. Што значи дека оваа теза не држи и паѓа.

Јас ќе му поставам прашање на господинот Андов, зошто тој, токму такви преамбули потпишал на Охридскиот рамковен договор, да не се вклучат во Уставот на Република Македонија, така како што беше во тој документ но побара да се направат измени и Албанците да бидат одделен дел на Албанскиот народ. Јас не би елаборирал понатаму што значи одделен дел на Албанците, но би го разбрал господинот Андов доколку таа преамбула, што е во Охридскиот рамковен договор, да беше и дел на Уставот, овие тези што денеска ги лансира, навистина тогаш ќе беа за нас прифатливи и нормално, ќе наидеа на разбирање.

Додека вака, како што тој ги елаборира овие прашања, ова е чиста демагогија, дека Албанците, доколку на нивното знаме би ставиле една измена, колку и да е мала, тогаш ќе им биде полесно да се интегрираат итн. Албанците, од 90-тите години и пред 90-тите години докажале дека се за да ја изградат оваа држава. Во оваа насока ние сме дале доста докази. Господинот Андов овие работи добро ги знае. Но, господинот Андов заборава дека се донесе Уставот без гласот на Албанците. Се измести државата на погрешен колосек. Овие работи му се доста јасни на господинот Андов. Токму оттаму произлегуваат овие проблеми што постојано, во текот на 15-те години се присутни во Република Македонија.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Андов, имате една минута, повелете.

**Стојан Андов:** Не ми е јасна репликата, бидејќи не го оспори ставот дека знаме на друга држава означува, е симбол на сувереност, суверенитет на таа држава. Бидејќи од 2001 година наваму, ние внесовме битни измени во Уставот, и тогаш гласаа сите пратеници, тогашни, Албанци, тогаш го изгласаа и ова за кое што зборува господинот Рафис Алити, за промената на преамбулата во Уставот. Така што е донесена вака како што е сега. Тоа важи. Не важи она што порано го напишале тие во Рамковниот договор. Бидејќи таа измена на прифатија потписниците на Рамковниот договор и сите пратеници во Собранието. Бидејќи се сега повеќе интегрирани Албанците и бидејќи. . .

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Андов.

Повелете господине Георгиевски, имате збор.

**Михајло Георгиевски:** Почитуван претседателе, почитувани дами и господо пратеници, претставници на Владата,

Многу работи се кажаа, но еве и јас ќе си го кажам моето мислење во врска со овој амандман што е клучен и што треба да биде прифатен.

Прво, историски погледнато, првото македонскко знаме на државата Македонија е изгласано за време на АСНОМ односно 1945 година и од тогаш е тоа државно знаме во рамките, по право на Република Македонија во рамките на Федеративна Република Југославија, знаме што се разликува од федералното знаме. Тогаш е само земена апликација од Федералното знаме и означува суверена македонска држава, т.е. Република во склопот на Југословенската федерација. Тоа знаме служело со генерации и генерации, се додека во 1990 година не ни е и еве се га имаме такво знаме што е изгласано од парламентот и од народот.

Во вакка една ситуација, сега наметнато да се употребува друго знаме, тоа е веќе сосема друга работа. Видете, знаме на суверена држава не може да се употребува во друга држава. Тоа сите го знаат, сите го кажаа и од историски аспект и еве, од практичен аспект.

Но, сега, што е битно овде за истакнување. Тоа е настојувањето, упорноста, таа жештина со која што се настојува да се употребува во Македонија знаме на туѓа држава, во државните институции, тоа веќе мора да се каже јасно и гласно, дека тоа е настојување за територии, тоа е борба за територии и за територијална поделба. Веќе не можеме поинаку да го сфатиме освен така. И, секое поинакво размислување мислам дека е погрешно. Тоа е веќе посегнување по суверенитетот на државата Македонија и околу

тоа треба да сите да ни биде јасно и на колегите Албанци кои ова го протежираат така упорно.

Се нудат разни компромиси, единствено компромисот е решение во овој случај. Еве, како што македонското знаме тогаш го зело една апликација од федералното знаме, така и овие треба сега да земат знамето на албанската национална заедница треба да земе симбол од макеоднското државно знаме. Дали тоа ќе биде лента, дали тоа ќе биде во десниот или во левиот агол макеоднското државно знаме, тоа е се исто, тоа упатува на еден компромис, на луѓе, на заедница кои што сакаат да живеат на оваа територија како посебна заедница во државата Македонија. Сето друго мислам дека е веќе пренагласено и е борба за територија. Нема друго објаснување почитувани пратеници, нема никакво друго објаснување освен ова што го зборуваме и кажуваме.

На крајот ако сакаме да живееме заедно како што до сега сме живееле мораме да се повикаме на компромисите. Компромисот е единствено решение. Инаку, со веење на туѓо знаме во државата Македонија, сите знаете и на сите нека биде јасно дека се нарушува суверенитетот и дека идните генерации нема да ни опростат за оваа грешка што сега овде ќе направиме и тоа свесно пририскајќи на копчето за една работа за која што на цел свет им е јасно дека државно знаме од друга држава не може да се употребува освен во амасадите, во екс територииите и т.н. Инаку, државно знаме на друга држава да се употребув ана државна институција во Република Македонија е антиуставно, е предавство и не може поинаку да се каже освен е предавство од оние кои што ова ќе го гласаат. Затоа, ве повикувам последен пат, бидејќи сега веќе завршуваме да го обмислиме ова прашање, пред генерациите што доаѓаат по нас, да посмислиме што правиме ако го изгласаме вака како што е.

Затоа понудениот амандман е единствено решение. Ако не го изгласаме тогаш да се повлече законот, да се доработи, да се направи како што треба. Инаку ако го изгласаме како што е сега т.е. ако не го изгласаме овој амандман мислам дека ќе бидеме осудени од генерациите, ќе биде катастрофа за макеоднскиот суверенитет за македонската држава. И, уште еднаш ќе посмислиме штоправиме во овој момент и каква одлука донесуваме. Нашите предци кога за време на АСНОМ и потоа кога го создавале авторитетот на Македонија тие размислувале, длабоко размислувале и донесле такви одлуки, донесле и закон, донесле знаме, грб, химна со која го означуваат суверенитетот.Само така како држава може да опстанеме рамноправни со другите заедници, но тие заедници кои што живеат прво треба да бидат лојални и да го прифатат она знаме што е државно за сите, а нивното да биде различно т.е. со апликација од државното знаме.

Тоа е решението почитувани пратеници, тоа е иднината, тоа е соживотот. Се другото спротивно ќе биде штетно за државата Македонија, ќе биде штетно за сите нас. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Мавровски, имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господиен претседателе, еве после општата расправа стигнавме до амандманската расправа и повторно ни се случуваат истите работи. Тоа што Владата ги измеша тезите и она што во моментот Минситерството за правда ни го достави до нас пратениците сега ние да кршиме копја за нешто што не знаеме ни како ќе изгледа ни што ќе изгледа, ни дали ќе изгледа и дали воопшто некое знаме освен она што е државно знаме на Република Македонија ќе се вее во Република Македонија.

Ние сега имаме Предлог закон за употреба на знамињата и овој член 2 за кој што се поднесени 5 амандмани. Во членот 2 стои "заениците во Република Македонија заради изразување на својот идентитет и особеностите имаат право да употребуваат знаме" до тука можеби ништо не е спорно бидејќи тоа и со новиот Устав и со измената и донесувањето на Амандманот 8 и тука е во ред.

Ставот 2 под знаме во смисла на став 1 од овој член се подразбира знаме што заедниците го избрале и го употребуваат како знаме за изразување на својот идентитет и особености. И, тука веќе се носи еден таков галиматијас ќто апсолутно никој овде не може да го протолкува, се обидуваме сите на свој начин, останавме кратки за мислењето на нашите експерти и стручњаци како од едната, така и од другата страна, значи и оние што го правдаат и оние што се против овој став 2. Но, еве веќе говориме можеби повеќе од дваипол часа и јас би сакал во овој момент да ги образложам петте амандмани за кои што досега говориме и кои што вие се обидовте со мнозинството и кажавте дека можеме да говориме за сите пет заедно, а потоа ќе гласаме еден по еден, првиот што ќе биде прифатен ќе биде оној кој ќе влезе во законот. Е, сега за да им кажеме на граѓаните дека можеби првиот, се надевам дека ќе има доблест кај пратениците од позицијата да го прифатат сето ова.

Првиот амандман гласи: "под знаме во смисла на став 1 на овој член се подразбира знаме што заедниците го избрале и го употребуваат како знаме за изразување на својот идентитет и особености" што е овој дел од ставот 2, "а кое не смее да биде знаме на друга држава".

Во членот 2 во ставот 2 по зборот "особености" точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите "а кое во исто време не може да биде знаме на друга држава" тоа е вториот амандман.

Третиот амандман во членот 2 став 2 точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите "а што е различно од знаме на друга држава".

Амандманот 4 "знамето кое што го избрале и употребуваат заедниците во Република Македонија за изразување на својот идентитет и особености не може да биде идентично со знаме на друга држава и последниот,

"Знамето на заедницата не може да биде идентично со знаме на друга држава".

Значи, различни варијации, но во секој случај овие амандмани поднесени од различни пратенички групи и од различни пратеници кои припаѓаат на овие пратенички групи се согласуваат сите во едно, а тоа е дека знаме на туѓа држава во Република Македонија не смее да се вее. Зошто е тоа така. По сите меѓународни правила и норми стои дека територијалниот суверенитет се искажува преку знамето на државата која што ја претставува тоа знаме. Значи овој територијален суверенитет надвор од сопствената држава може да биде изразено во амбасади, во конзулати и дипломатски возила кои што претставуват екс територија во земјата каде што се веат овие знамиња, се разбира со дозвола на земјата во која што истата се вее. Ако е тоа така прашањето и минатиот пат и сега стои, дали со употребата на албанското знаме во Република Македонија и посебно барањата тоа да се вее и пред државни установи, едноставно нашиот суверенитет територијален се одзема и доаѓаме во ситуација тоа да претставува екс територија или територија на знамето кое што ќе се вее на тој дел, а тоа е територијата на Република Албанија.

Мислам дека тоа и граѓаните кои што живеат македонци од албанско етничко потекло во Република Македонија дека тоа не го сакаат, дека тие се составен дел на граѓаните на Република Македонија, тука живееле барем поголемиот дел од нив, живеат и понатаму ќе живеат во Република Македонија за разлика од многу други кои што доаѓаат, ги прават проблемите и заминуваат од Република Македонија. И, тоа е веќе друга ситуација.

Со овој член 2 ние доаѓаме во една друга ситуација која што исто така треба да се разгледа и мораме да ја разгледаме уште во старт затоа што ќе имаме закон за знаме од етничко потекло и како што кажавме сем во две општини во сите други општини ќе треба да се вее знамето на македонците од етничко албанско потекло. И, сега се прашуваме дали со она што значеше Охридски Рамковен договор ние дојдовме во ситуација Македонија да прогласиме за бинационална држава или пак она што треба да значи нивно право и определба, веењето на знамето на националните заедници од етничко потекло различно од македонскиот народ да треба да веат свои знамиња, треба да имаме или многу национална држава што во основа и се прогласуваме или пак ќе треба да имамем нешто што во ситуацијата ни претставува бинационална држава, што мислам дека апсолутно не беше ни по Охридскиот договор ниту по она што сега го донесуваме како закон.

И, друго прашање, со Законот за локална самоуправа секоја општина посебно ќе треба да ги искаже своите симболи, значи да донесе и општинско знаме. Дали со ова општинското знаме ќе биде нешто што е апстракција, што е надвор од се ова што искажува определени етнички состави на граѓаните во тие општини, значи тоа или ќе го прифатат или нема да го прифатат, но во секој случај, јас мислам дека начинот на кој што треба да најдеме ситуација во која што и општинското знаме посебно пред општините бидејќи тука не видов ниеден начин како тоа ќе се употребува, мислам дека тука во случајот Законот за локалната самоуправа го ставаме малку настрана и многу ни е битно ова другото дали ќе се вее албанското знаме или нема да се вее. И во основа тука почнув аи тука завршува расправата.

Слушнавме многу дискусии од нашите колеги посебно од Демократската унија за интеграција, прашавме дали знамињата што се многу упорни во настојувањето дека тоа мора и дека ќе биде само знамето на Република Албанија, од друга страна во Република Косово ќе се вее некое друго знаме кое што знаме во догледен период до колку Косово биде прогласено за некоја држава или некоја автономија, или незнам што понатаму ќе се случува со Косово, дали нема утре делови и општини кои што се наоѓаат покрај границата со Косово да побараат место ова албанско знаме што го бараат другите да се вее низ Република Македонија на тие територии да се вее знамето на Косово. Дали тогаш некој ќе има оправдување за тоа тие луѓе што се таму доселени се токму од Косово, дека дошле од тие краишта и сега правото нивно е да се определат токму за знамето на Косово.

Мислам дека со ваквиот начин како што ние ги претставуваме овие работи каде што кажуваме заедниците го избрале и го употребуваат, заедниците го избрале и можат во секој момент да изберат знаме и да кажат ова е од денес наше, ова другото што беше до сега не го признаваме. Мислам дека државното знаме на Република Македонија, тука се искажаа многу мислења, размислувања, многу истории, но некој се чини заборава тоа знаме, за мене барем лично, е донесено во една ситуација што е несвојствена за било која држава во светот, значи промена на знамето под интервенција илипод притисок на една соседна наша држава, Грција и тоа знаме е донесено во овој Парламент точно со 110 гласови за. Господа некој заборава дека тој Парламент е оној Парламент во кој што опозиција апсолутно не постоеше. За промена на едно знаме мислам дека секогаш треба да се праша народот и најмалку што треба да се направи е да се нарпави референдум, а некој да земе шестар и тријаголници, да го нацрта тоа знаме и да кажуваме дека тоа симболизира сонце, ветер или незнам што друго во секој случај не е начинот во кој што сега треба некој да не прозива дека тоа е национално знаме на макеоднците. Апсолутно не е така.

Тоа е исто знаме се наоѓа како знаме во јапонската морнарица и да не даде господ да се случи некоја војна можеме да бидеме нападнати како дел од некоја јапонска територија. Тоа дали некој го видел, не го видел, се виде откако се донесе знамето. И, тоа е проблем господо, но тој проблем веќе 10 години не е многу помал од оној првиот каде што го променивме знамето. А, за разлика од како ние го променивме знамето во соседна Грција веќе се вее тој истиот симбол знамето и сонцето од Куклеш, но со сина позадина и жолти краци. И никој од нас апсолутно ништо не интервенира затоа што нас тоа очигледно не не засега, можеби утре така ќе биде и грчкото знаме со две знамиња на едно и тоа ќе биде се во ред.

Затоа господо, доколку некој се одлучи лојалноста на граѓаните во една држава апсолутно не се покажува со она што некој сака тука да го прикаже, дека ако сега добиеме знаме ќе бидеме полојални, ако добиеме факултет ќе бидеме уште полојални, ако добиеме четири генерали ќе бидеме најлојални. И на тој начин лојалноста апсолутно нокој не ја докажал во светот затоа што ако сакаме да живееме на овие простори заедно треба да направиме нешто повеќе. Треба да направиемнешто за граѓаните да почнат да живеат. Останавме со ова, веќе четири, пет години се занимаваме само со вакви работи, апсолутно со ништоне мрднавме, ни со економија ни со нешто што треба да значи добро и за едните и за другите и за сите граѓани на Република Македонија.

И, ако сега вие не убедувате дека ако не се вее знамето на Албанија ќе биде како што беше 2001 година, ако не се добие ова, ќе биде како што беше тогаш. Господа, вие заборавате една друга работа дека во оваа држава има и македонски народ и не може ништо понатаму да се зема, за се има една црвена граница, таа црвена граница е помината неколку пати. И, сега ние како Парламент кажуваме дека одлучуваме во името на народот. Тоа е многу тешка одлука, јас не сакам да земам врз себе таква одлука затоа што граѓаните се сепак оние кои што и во Уставот и во се, посебно македонскиот народ е тој што живее на оваа територија и друга нема. Ние можеме тука да говориме да се веат секакви знамиња од кој што сака и како што сака, јас прашав и никој не ми објасни, посебно господинот заменик министер, дали со овој закон ќе успееме она што го гледаме секојдневно по свадби да се веат албански и американски знамиња без ни едно македонско знаме, на приватни веселби, незнам од каде сега американските знамиња во Македонија. Дали воопшто може некој тука да постави правила и норми што и како смее да се вее во Република Македонија.

Вие со овој закон направивте уште една поголема каша од која многу, многу тешко ќе излеземе сите заедно. Јас мислам дека првиот начин да се направи нешто во ова, е токму ова било кој амандман од овие пет амандмани што сега се поднесени да најдеме сила и храброст кај сите нас да го донесеме без разлика на Влада, без разлика на се бидејќи гледаме дека Владата нема намера ниту да повлекува ниту да оди во две фази. Денеска расправаме амандмански, а се надевам дека вие имате сили заедно да најдеме начин еден од овие амандмани да прифатиме и на тој начин да го заштитиме она, националното, државно знаме на Република Македонија што во основа не го претставува македонскиот народ, а за она другото ќе треба да проговориме понатаму, затоа што еднаш треба да се отворат картите и како што кажа некој дека тука не било место за отварање на проблемите. Еднаш господа треба да ги отвориме и да знаеме дали има крај на сето ова и до кога и кои проблеми можеме да ги решаваме, а кои проблеми не можеме ние и треба да ги оставиме на некој друг да ги реши. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, повелете господине Балковски имате збор.

**Љупчо Балковски:** Благодарам претседателе, почитувани пратеници, претставник на Владата, ќе зборувам во насока на подршка на амандман на член 2 и затоа сакам да спомнам, кога зборував за Законот за територијална организација кажав дека со тој закон Албанците ќе добијат територија, Македонците ќе ја изгубат, а со овој закон тоа и го потврдуваме не некој начин. Зошто го потврдуваме? Сакам да поставам неколку конкретни прашања и да се обидеме да ги објасниме работите зошто не треба да биде знамето на заедниците исто како и знаме на друга држава. Затоа што во член 2 се кажува дека под знаме во смисла на став 1 од овој член се подразбира знаме што заедниците го избрале и го употребуваат како знаме за изразување на својот идентитет и особености. Заедниците во Република Македонија знамето со кое го изразуваат својот идентитет и особености го употребуваат во јавниот, службениот и приватниот живот на начин утврден со овој закон. И, сега овој закон, почитувани пратеници, понатаму во сите членови не утврдува ништо освен дека само знаме на туѓа држава ќе се вее во Република Македонија во деловите каде што за тоа постои мнозинство на заедницата во локалната општина.

Затоа кажав дека ќе зборувам со примери и веднаш да почнам, а тоа е следното. Ако се усвои овој закон, а особено ако не се усвои овој амандман од Законот, веднаш ќе бидеме сведоци на влезот во Скопје да се вее албанското знаме. Зошто на влезот во Скопје? Затоа што на самиот влез во Скопје почнува општината Сарај и точно сега каде што е таблата "Добредојдовте во Сарај" ќе се постави албанско знаме. Сега ќе кажете дека во членот 4 пишува дека мора да се вее и македонското знаме, односно државното знаме, меѓутоа, за тоа воопшто нема потреба затоа што во казнените одредби се се сведува на парична казна. Таа казна општината веднаш ќе ја плати и веќе никогаш повторно нема да плати ниту казна, ниту пак ќе го постави државното знаме. Прочитајте ги казнените одредби, тоа ќе

го видите, се спомнуваат 20.000-50.000 денари. Никаде во казнените одредби не пишува дека е должен после казната да го постави државното знаме, така што со поставувањето на албанското знаме никаде нема да се постави македонското знаме. За тоа ќе бидеме сведоци многу брзо, откако ќе се усвои овој закон и тоа ќе биде законско дека нема да се поставува македонското знаме никаде. Ќе си ја платат казната и ја завршиле работата. Значи, на влезот во Скопје ќе има албанско знаме.

Понатаму, ако одиме во правецот на Коридорот 8 односно на патот кон Струга, веднаш на првата наплатна рампа кај Тетово пак ќе се вее албанското знаме, односно како што е според законот ќе зборувам, ќе се вее знаме на туѓа држава. Никој и таму нема да го постави државното знаме. Точно на наплатна рампа може да се вее знаме на туѓа држава и за тоа никој да не одговара. Ако продолжиме, значи на наплатна рампа што на некој начин може да одбележи граница на територија, затоа што странците не ќе знаат дали влегуваат  или дали излегуваат на некоја територија. Ако продолжиме понатаму во сите општини, тоа може да ни се случи и тоа точно покрај магистралниот пат, односно покрај еден Коридор 8 кој што е од европско значење и стигнуваме до Струга. Кога стигнуваме во Струга, веднаш да кажам дека на граничниот премин Ќафасан, без разлика што е граничен премин и ќе се вее македонското знаме како државно на граничниот премин, затоа што тука веќе нема ингеренции локалната самоуправа, меѓутоа, веднаш после граничниот премин, бидејќи граничи локалната самоуправа со граничниот премин, локалната самоуправа може да си го постави знамето на својата заедница, меѓутоа, тоа знаме ќе биде од туѓа држава, исто знаме како од соседната држава. Тоа конкретно значи албанското знаме од едната страна и албанското знаме од другата страна.

Конкретно прашање: како еден странец, кога ќе дојде од Албанија во Македонија ќе знае во која држава влегол. Нема да знае воопшто, затоа што од Скопје имаме една наплатна рампа, знаме на туѓа држава, на влезот на Ќафасан од Струга спрема влезот во нашата држава пак имаме знаме на туѓа држава, од каде ќе знае странецот во која држава влегол. Нема да знае. Ова се конкретни прашања. Ние зборуваме малку општо, има и претставник на Владата и навистина треба да прашаме како ќе ја обележиме нашата територија.

Еве друг пример, конкретен. Во општина Струга ќе се вее и државното знаме пред општината и албанското знаме и ако се усвои законот, тоа ќе биде законски. Тоа е во ред, нема да се бунат ниту граѓаните од едната или другата страна, затоа што законот ќе биде таков и во општина Струга ќе се вее и македонско и албанско знаме. Меѓутоа, сведоци сме, и добро е што е така, доаѓаат странски делегации, имаме меѓугранична соработка, особено со Охрид и Струга и со сите општини, а нагласив дека богатството на оваа држава е што пограничните општини меѓу себе мора и треба да соработуваат во духот на развојот на тие меѓугранични региони. Меѓутоа, што ќе се случи во Струга кога ќе дојде албанска делегација.

Овде во член 5 е кажано дека покрај знамето на Република Македонија ќе се истакне и знамето на таа заедница при официјално доаѓање на претседател или премиер на странска држава или овластен претставник на меѓународната заедница. Кога ќе дојде албанска делегација во Струга, ќе имаме несекојдневен настан, несекојдневен пример, а тоа е, ќе имаме македонско знаме, ќе имаме знаме на заедницата, ако заедницата го усвои албанското знаме ќе имаме албанско знаме, и ќе имаме исто такво знаме друго, каде што ќе биде знамето од делегацијата, од државата што ќе дојде. Многу едноставен пример, ќе имаме во една држава, во нашата сопствена држава ќе имаме знаме на државата и две знамиња на туѓа држава исти. Затоа ги кажувам овие примери, сосема нелогични и навистина без разлика што го почитувам правото на секоја заедница да си има свое знаме и свое обележје, меѓутоа, ќе се соочиме со вакви проблеми во секојдневното комуницирање. Истото ќе се случи и во Струга кога на меѓународен натпревар ќе играат две екипи, едната од нашата држава со друга екипа од Албанија, ќе има македонско знаме и ќе има две албански знамиња. Не ќе се знае кој со кого или против кого ќе се натпреварува според знамињата. И навивачите ќе ги имаат истите знамиња и од едната и од другата страна.

Навистина треба да се размисли за вакви случаи, за конкретни примери. Во ред, ќе се донесе овој закон, тој закон ќе и овозможи на заедницата да си го донесе и своето знаме. Ќе го донесе своето знаме. Тоа знаме ќе биде, како што знаеме веќе сите, без разлика што ги правиме овие напори, меѓутоа, ќе биде албанското знаме како што е знамето на Албанија. Меѓутоа, ќе имаме проблеми во секојдневното комуницирање, односно во секојдневното живеење во Македонија во општините каде што во мнозинство ќе биде една заедница кога ќе дојдат странски делегации, односно делегации од Албанија. Ќе се соочиме со големи проблеми.

Заради тоа ќе го поддржам овој амандман, кој ќе видиме дали ќе се усвои или не.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Балковски.

Мал коментар или реплика, бидејќи правилото веќе го прекршивме. Ова вие што го зборувате има логика под еден услов, ако донесеме закон дека секоја бандера или столб е објект на органите на локалната самоуправа и обратно, покрај секоја бандера или столб изградиме дисперзирани објекти на органите на локалната самоуправа. Тогаш ќе имате по автопатиштата на секоја бандера знамиња. Во Законот точно и јасно пишува каде може да висат знамињата.

Како примери кои се апсурдни, јас ги прифаќам таквите примери, само под услов да прогласиме со закон дека секоја бандера или столб е објект на органите на локалната самоуправа, бидејќи во членот 4 пишува пред објектите на единиците на локалната самоуправа. Ако бандерата е тоа, во ред, во право сте.

Имате контра реплика, повелете господине Балковски.

**Љупчо Балковски:** Да кажам како објаснување. Во казнените одредби пишува дека правно лице кое постапува спротивно на овој член што го кажавте вие, членот 4, ако не го постави знамето таму ќе плати само парична казна. Значи ќе го поставува. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Тука веќе нема што да спорам, то тоа е суверенитетот каде што треба правото и правната држава да функционира и тоа да се санционира, ако така се случи.

Повелете господине Флоровски.

Пред тоа, повелете господине Дојчиновски, процедурално.

**Киро Дојчиновски:** Прашање има до претседателот на Собранието. Како може во текот на една седница да ги менувате ставовите, во еден момент да давате реплики, а во еден момент да ги укинувате.

**Љупчо Јордановски:** Ќе ви кажам господине Дојчиновски, не бевте тука. Тоа прво ми го прекрши потпретседателот на Собранието.

**Киро Дојчиновски:** Не може потпретседателот да го прекршува принципот.

**Љупчо Јордановски:** Не може, но системот ми го сруши за оваа седница. На следната седница системот ќе се воспостави, односно системот што јас го имам. На ова место кога седи потпретседателот ги има сите ингеренции на претседателот. Тој воспоставил некој принцип кој јас барем за денес го почитувам, утре не го почитувам.

Повелете господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** Добро, заменикот е тука, се надевам дека ќе успеам да го слушнам неговиот глас, затоа што треба да се слушне како став на Министерство, а тој е тука како претставник на Владата. Мислам дека нема проблем и со говорот, но провејува една практика долг период во Собранието да се молчи и по пат на гласање да се стигне до целта која е зададена.

Ме чуди едноставно неверојатната леснотија на многу пратеници овде од позицијата како можат да проголтаат вакви работи кои денес ни се нудат или во прашање е нешто друго, вроден космополитизам, кој баш и не е својствен многу на македонскиот народ, па преку оваа многу битна работа некако многу бегло се поминува - дај да се изгласа па да си одиме, неводејќи сметка за последиците кои веќе утре може да настанат и кои веќе се евидентни. Многу од пратениците овде ги опишуваа, дел и од припадниците на Либерално-демократската партија. Значи коалицијата и не ви е баш компактна, можам музички да се изразам малку е дисонантна, што е нормално во демократските партии. И добро е што е така.

Пред мене се амандманите понудени од госпоѓата Лилјана Поповска и Тито Петковски и уште четирите други амандмани. И било кој од овие амандмани да се прифати ќе гласам за, на било кој од овие пет амандмани, што си сметам за нормални амандмани, кои нема да бидат на штета на македонската нација и држава.

Да се нема национален концепт, да се нема национална стратегија во едни вакви турбулентни времиња, во еден пост воен временски период, тазе поминат пред три ипол, четири години, не ми е логично, туку се оди од стапица во стапица, притоа незаејќи што да се прави. Кога говорам за немање национален концепт мислам на територијалната поделба, во чија расправа не бев тука, Законот за употреба на знамиња кој денес го разгледуваме амандмански, утре Законот за употреба на јазиците и уште не знам колку закони ќе се носат на штета на овој македонски народ. Нормално е да го кренеме гласот и да го кажеме сопственото мислење, макар да остане како стенограм и како историски факт, па утре доколку некој гледа да рече пред педесетина години станаа некои си пратеници од таа и таа политичка партија, говореа овва и ова. За да не помине бегло и победата да не биде извојувана триумфално, нека ви биде малце пирова, затоа и излегов да говорам, затоа што ме погодува, ме боли како македонец сето она што се случува и сметам дека треба да говорам овде. И ќе говорам секогаш кога е загрозен интересот на мојот македонски народ и гласачкото тело кое го претставувам и можам да гарантирам дека е 99,9% македонци, ако не и 100%.

Што нуди самиот закон? Законот нуди само сегрегирање или само ваше делење. Значи го нема терминот сожителство...

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски, ве молам, зборувајте по амандманите. Во општата расправа зборувавте што нуди законот. И во расправата по текстот на законот да зборувате што нуди законот. Сега ве молам за амандманите зборувајте. Беше доволно, 5 минути имавте вовед, зборувавте за националната гордост. Зборувајте што нудат амандманите. Наместо што нуди законот, говорете што нудат амандманите.

**Александар Флоровски:** Зборувам за амандманите. Тоа е во контекст со законот.

**Љупчо Јордановски:** Закон и амандман се две различни работи.

**Александар Флоровски:** Говорам за член 2 од самиот закон.

**Љупчо Јордановски:** Е, ова јас прв пат го слушам.

**Александар Флоровски:** Е, не ова е втор пат, ако добро запамтивте.Ова е веќе втор пат претседеле.

**Љупчо Јордановски:** Повелете за амандманите.

**Александар Флоровски:** И ова да го сватам како прв жолт картон? Како да го сватам?

**Љупчо Јордановски:** Некој вика дигресија, некој вика жолт картон.

**Александар Флоровски:** Како сакате крстете го, тоа е ваш проблем. Мене тоа многу не ме тангира како што вас не ве тангираат многу работи.

Значи кога говорам во контекс на членот 2, ставот 2 и околу амандманите поднудени од претходниве господа кои ги набројав Петковски, Поповска, па Караџоски, па Којзеклиска, Бонева, Китановски, Манев, Лалчевска, Митковска. Се ова претседателе во функција на една многу битна работа, која спомнав дека не треба да помине бегло. И ограничувањето од таков аспект може да значи само една работа, дека и вие сакате бегло да помине овој закон, да се изгласа и да се заврши работата. Ако сметате дека така треба да се работи, јас можам да си седнам, она што го кажав кажано нека остане, ќе биде запишано, она што значи втор дел од моето излагање може да не го слушнете. А сметам дека е потребно да се каже. Повторно во функција на член 2 став 2, и на овие пет амандмани кои ги гледаме. Затоа што според мене носењето на ваков закон, поточно ставот 2, го имате пред вас, да не го цитирам, значи долгорочно говорам, а може да биде и краткорочно, сметам дека ќе има долгорочни негативни ефекти. И ги набројав во кој конекст. Во контекст на немање на национален концепт. Сето тоа е во функција на самиот закон. Или сакате едноставно да завршам, јас сум против овој закон, поради тоа што албанците ќе го веат нивното етничко знаме и да си седнам. Ако тоа го сакате ќе седнам веднаш.

**Љупчо Јордановски:** Па седнете.

**Александар Флоровски:** Не сакам да седнам.

**Љупчо Јордановски:** Сами ми велите ако сакате.

**Александар Флоровски:** Не сакам. Сакам вас да ве доведам во ситуација вие да ми речете седнете, одземете ми го зборот.

**Љупчо Јордановски:** Контрадикторни сте.

**Александар Флоровски:** Не сум контрадикторен.

**Љупчо Јордановски:** Не давајте понуди.

**Александар Флоровски:** Јас цело време будно следам кој што говори.

**Љупчо Јордановски:** Говорете за член 2.

**Александар Флоровски:** Да, за член 2 говорам.

**Љупчо Јордановски:** Да, повелете.

**Александар Флоровски:** Кога говорам за член 2 ставот 2 и да ви ги прочитам сега сите пет амандмани, доколку сакате.

**Љупчо Јордановски:** Прочитајте ги.

**Александар Флоровски:** Нема да ги читам, туку ќе кажам дека се работи за класичен политички дил кој друг назив не може да има и онаа позната изрека на Луј ЏИВ "после мене, потоп". Така некако работиве ми приликуваат. А еве шанса да ја исправиме таа работа, да не ни се случи Луј ХИВ , да не се случи некој Петар Велики, да се прифатат многу мали измени господине заменик министре. Во ставот 2 една мала реченица да се избрише, да се вметне било кој од овие амандмани. а тие гласат: Знамето на заедниците не може да биде итентично знаме на друга држава. Тоа е едниот амандман. Нема да го прифатите. Амандман од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ: Република Македонија за изразување на своите особености и тн., не може да биде идентична со знаме на друга држава, со вашата матична држава Албанија. Сето ова е во контекст на членот 2 и амандманите. И ќе ви ги прочитам. "Под знаме во смисла на член 1 на став 1", пратеник Марија Којзеклиска, во смисла на став 1 на овој член се подразбира знаме што заедниците го избрале и го употребуваат како знаме за изразување на својот идентитет и особености, а кое не смее да биде знаме на друга држава. Имате пет амандмани, а ниеден нема да прифатите. А цело време говорите за граѓанска држава и така дефинирана Македонија како граѓанска држава, а ни носите етнички симболи. А цело време говорите дека Македонија мора да се дефинира како граѓанска држава. И за жал таа веќе не е унитарна, туку полека, да не кажам со брзи чекори граби кон бинационалност или кон федерализација. И повторно во контекст на членот 2 од општите одредби, став 2, амандман од Жарко Караџоски. Во членот 2, во ставот 2 по зборовите "особености" точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите "ако во исто време не можат да бидат знаме на друга држава". Тоа е четвртиот амандман, кој исто така немате намера да го прифатите, затоа што направивте политички дил, а за жал Македонците секогаш одат по линија на помал отпор, т.е. политичката партија која ви е политички партнер, а веќе не сте партнери затоа што немате рамноправна положба. Вие сте на повисоко скалило од СДСМ. И каде е тука, повторно ќе прашам, граѓанската држава, а ќе мавтате со етнички симболи. И има ли место за факти ние како опозиција што ги нудиме овде, или говориме на ветер. Инаку познато е исто така дека знамињата ги веете кога сакате, каде сакате и да не говорам понатаму, очигледно е секаде се гледа, секаде се забележува, ниту закони се почитуваат, ниту држава се почитува. Вашиот став кон нас како Македонци, не нарекувате Славомакедонци и тн. Тоа ли е сожителство кое треба да го градиме? Тоа е само сегрегација, делење од македонскиот народ, а и желба немате да живеете со нас. Конечно некој мора и тоа да ви го каже, да не се маткаме, да не се лажеме.

И повторно ќе се вратам на петтиот амандман поднесен од Лилјана Поповска и Тито Петковски. Ќе ви го прочитам. Во членот 2, став 2, точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборвите "а што е различно знаме на

друга држава. Тоа е петтиот амандман кој исто така нема да го прифатите од веќе познати работи, затоа што сте автохтони, цело време овде се говори, а топонимите јасно говорат кој е автор, почнувајќи од  Подградец, Мала Преспа, Голо Брдо и тн. И се плашам да не ја доживееме судбината на едно големо  хазардско право, всушност царство и судбината на Хазарите кои веќе ги нема и ќе станеме модерни Хазари и Македонија полека, да не кажам брзо се федерализира. И тоа треба да го знаете, впрочем не е никаква тајна дека  претензиите ви се такви и немаме намера да се маткаме и да се лажеме меѓу нас,  а вие ќе најдете храброст и доблест овде да говорите, а не да ги оставите пратениците на ДУИ да говорат место вас. Имате одговорна позиција, заменик министер сте и треба овде да одговорите на сите овие поставени прашања не само од мене, туку од сите пратеници од опозицијата и дел од пратениците од самата позиција. А верувам дека ова што го говорам и многу пратеници на СДСМ се сложуваат со моите ставови. Повеќе од убеден сум и го чувствувам тоа дека е така. Но, има една македонска изрека: нагоре високо, надолу длабоко. За жал состојбата ни е таква.

Што значи веење на туѓо знаме во туѓа држава, освен територијални претензии. Јас поинаку тоа не можам да го сфатам, затоа што ме потсетува на едно минато време, на еден минат период, на една мината српска влада која веќе не постои, таму  каде што постои српски гроб, таа е српска земја. Тоа денеска ни се случува во една сосема друга форма. И ќе ни се случи и секој што има илузии дека тоа нема да ни се случи, се лаже. За жал Македонија ќе биде само колатерална штета од една голема политика креирана надвор од оваа држава, но прифатени од одредени политички елити кои денеска владеат со државата и ни ја кројат капата секојдневно, а корист од тоа ќе имате господа само вие на штета на македонскиот народ, на македонската држава и на македонската кауза.Не верувам во вашите добри намери како политичка партија говорам. Тука ги апсолвирам и ПДП и ДПА, ги апсолвирам, ги тргам на страна, затоа што вие не нарекувате Славомакедонци, вие не нарекувавте окупатори на албанската држава, вие ја почнавте војната и тоа е точно, вие се боревте против македонските одбранбени сили и тоа е факт. И не можете да ме убедите во вашите добри намери и вашите искрени намери дека ја сакате оваа Република Македонија како што ја сакаат другите. Коментари не треба да давате, излезете на говорница, од тука ќе коментираме.

Околу член 2, став 2 беше инаку овој говор.

**Љупчо Јордановски:** Јас сфатив дека е член 2, став 2 само во широк контекст сфатено.

Има ли реплики: (Нема).

Има збор господинот Субхи Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Прво, да му објаснам на пратеникот дека јас сум претставник од Владата, без разлика од која политичка партија, знаат како се формира Влада. Другото е тоа што му давам предност и го частам за тоа, да не зборувам многу, бидејќи го слушнавме, пак го слушнавме, ќе го слушаме, така што му оставам време тој нека се изјасни. Ние за овие амандмани се изјаснивме како Влада. А тоа што не му е јасно и ги коментира амандманите на други луѓе и на други пратеници. Самите пратеници кажаа, не треба да се зборува многу за  другите амандмани, туку вие поднесете амандман  и можеби ќе го прифатевме.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господинот Флоровски.

**Александар Флоровски:** Знам дека сте претставник на Влада, инаку ќе седевте овде, или ќе седевте горе. Веројатно не ви личам на морон, па нема да просудам дали сте претставник на Влада, или претствник на некоја ГГ фирма. Штом сте тука, претставник сте на Влада. Околу самото частење, ако сакате јас ќе ве частам. Со тоа што ви е потребно, немојте  да ме частите. Уште еднаш со таква реторика уште еднаш да не ви се случи мене да ми се обраќате. Тоа ви го кажувам многу отворено, многу јасно пред целата македонска јавност. А зошто не поднесов амандман,  затоа што се пет, ќе требаше да поднесам идентичен амандман. Затоа реков дека сите амандмани кои ќе се гласаат поединечно ќе ги поддржам сите пет.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Абдулади Вејсели.

**Абдулади Вејсели:** Ви благодарам господине претседателе. Мислев дека дебатата за амандманите ќе се развие поинаку, иако не ми е јасно зошто се поднесуваат амандмани кои што беа прочитани од претседавачот, но и од страна на пратениците кои што ги поднеле амандманите. Прво, сакам да ги информирам пратениците дека сите оние кои што денеска се пријавија и се појавија на говорницата нешто ми е нејасно. И сега сакам да го коментирам пред јавноста, пошироката јавност во Република Македонија, дали кога ќе се излезе на говорница се зборува за македонскиот дел, или пак за мајоризацијата врз Албанците до денешниот ден. Дали и натаму имаат голема желба да бидат тие кои што ќе владеат со државата, а другите ќе бидат нивни аргати, нивни слуги. Затоа ваквата теза на пратениците кои што се обидоа да го одбранат амандманот од името на етничката македонска заедница и од името на македонската држава што ја нарекуваат своја држава, а не и на другите граѓани кои живеат во Република Македонија, мислам дека тоа се депласирани тези и маркетинг кои што навистина не држат. Мислам дека денеска ќе се разговара на еден поинаков јазик, со јазикот на аргументи, со јазикот на разбирање и со јазикот на она што значи дека можеме да се договориме, или пак да се разбереме. Но, јасно ми е и гледам дека и натаму се обидуваат да ја продлабочат кризата која што постои во Република Македонија токму во однос на овој закон за кој што станува збор. Зборувам за демократска и политичка криза, да не ме

разберете лошо, дека не станвуа збор за некои други кризи.

Прво, мене како пратеник на партијата за демократски просперитет ми изгледа дека овие амандмани кои што се поднесени од страна на пратениците од опозицијата како да се договориле со пратениците од позицијата, ајде ќе поднесеме амандмани кои што да не ги подобрат амандманите на албанските пратеници во однос на законот на Владата, туку во однос на законот правејќи една таква галама, бидејќи ќе се донесе законот кој што е во полза на Албанците, или пак поднесен од Владата. Како прво сакам да ја информирам пошироката јавност консензус и поддршка на законот нема ниту од Албанците така како што е предложен како предлог на Владата, затоа што јас не видов ниту еден пратеник Македонец кој што зборува во името на компромис, во името на разбирањата, во името на соживотот, да зборува за употреба на знаме на албанската етничка заедница во Република Македонија. Не видов, не слушнав ниту една дискусија која што вели, над 150 илјади Албанци остануваат надвор од законот што се однесува до употребата на националното знаме.Секогаш се зборува за рестриктивни мерки, за рестриктивни предлози кои што не доведоа до оваа ситуација во која што се наоѓаме денеска.

Прво, сите граѓани на Република Македонија се дел на Република Македонија. Второ, и еден претставник на македонската етничка заедница се чувствува како дел на Република Македонија така се чувствува и како граѓанин на Република Македонија и еден претставник на албанската етничка заедница. Трето, често пати денеска се кажа за суверeноста на државата. Сувереноста произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните. Ние еднаш се договоривме и не играме повеќе како глушец и мачка дали е оваа унитарна држава кога ќе се рефлектира мултиетничкиот карактер на оваа држава каде што сите етнички заедници на оваа држава ќе бидат рамноправни. Но, јас јасно гледам дека овде и натаму се обидува да се продолжи со стариот начин, со стариот терк. Ние не сакаме да го решиме проблемот. Јас не гледам ниту желба од страна на Владата, ниту од страна на пратениците на мнозинството Македонци дека сакаат да го разрешат проблемот и законот кој што треба да го донесеме во овој Парламент да биде во функција на граѓаните. Не е прв пат да се предлага закон на албанската етничка заедница во Република Македонија. Јас не видов кај пратениците кои што денеска излегоа на говорницата. Во 1997 година кога беше предложен законот за употреба на националните симболи на тогашните националности, денеска на етнички заедници истите пратеници кои што беа во претходниот мандат 1998-2002 година не излегоа на говорницата да се спротивстават на физиономијата на знамето на албанската етничка заедница како што тоа сега го прават.

Почитувани пратеници, господа, ова знаме е употребувано 1941-1945, ова знаме кое што го одбра албанската етничка заедница како свое знаме било прифатено и со законите од 1974 година од бившата социјалистичка држава. Овој закон кој што се предлага денес, секогаш зборувам за изгледот на знамето, било усвоено од овој Парламент во 1997 година со апсолутно мнозинство на пратениците кои што биле присутни во Парламентот.

Друго прашање и не сакам да го коментирам, значи да ја коментирам одлуката на Уставниот суд, затоа што тогаш имавме еден поинаков Устав кој што од наша страна беше наречен генератор на кризи. И денес имаме поинаков изменет Устав со амандман 8 каде што се дозволува етничките заедници во Република Македонија да го изразат својот идентитет и особеностите и имаат право да употребуваат свое етничко знаме. Затоа тезите кои што беа тези дека ова ќе го оспори Уставниот суд немаат основа, затоа што доколку се направи споредба со претходниот Устав и сега изменетиот Устав со амандман 8, има еден анекс каде што се вели "и за негова употреба". Тоа е прво.

Второ, законот на привиден начин ја регулира употребата на знамињата на етничките заедници. Јас ви давам на знаење доколку некој не го знае, дека законот регулира, знамето на етничките заедници ќе се употребува покрај државното знаме.

И второ јас не знам зошто таква верзија во однос на јазикот и знамето на Албанците. Во овој закон се регулира употребата на знамињата на етничките заедници во Република Македонија. Јас не видов пратеник кој што зборува за други етнички заедници освен за албанската етничка заедница и секогаш пример меѓу македонските албанци или пак албанци во Македонија, Македонците и Албанија. Никој не даде друг пример.

Јас сакам да ја демантирам пратеничката Лилјана Поповска која што на говорницата рече дека во Романија не се употребува знамето на Унгарската етничка заедница, слично со знамето на Унгарската држава. Ова го докажувам и велам дека во Романија, Унгарската етничка заедница го употребува знамето Унгарската држава и тоа воопшто не им пречи на граѓаните во Романија. Зошто сега во Македонија пречи се што е албанско? Јас знам, дека сме научени во еден поинаков систем и во последниве 15 години сме научени Албанците постојано да им го импонираме мислењето на мнозинството и тие да се мајоризираат во овој Парламент.

Постоењето на двата главни народи во Македонија, мнозинскиот народ Македонците и народот кој живее повеќе од 20% во Македонија, а тоа се Албанците ќе имаат хармонија, ќе имаат добри меѓуетнички односи доколку има рамноправност, има владеење на правото и доколку имаат обврски и бенефиции се рамноправни за сите граѓани.

Немојте да мислите дека живееме заради братството и единството. Братсвото и единството

умре во 1980 година и по распадот на Советскиот Сојуз и на поранешна Југославија. Денеска има интереси меѓу разните етнички заедници кои живеат во Република Македонија. Јас не знам што треба ние да направиме, Албанците во Република Македонија за да докажеме дека сме државјани на оваа Република, работиме и делувами во рамките на оваа Република. И плус, има една предност Македонија, што ги има Албанците во рамките на нејзините граници затоа што сме еден мост на разбирање меѓу Албанија и Косово. Вие знаете колку проблеми имате со своите или пак Македонија ги има со другите соседни држави. Единствена држава што ги прифати, го призна јазикот, етникумот, границите, црквата е Република Албанија.

И сега, немој да се обидувате да фрлате камења врз Албанците дека Албанците, доколку се определат за своето национално знаме, како што се определиле, дека тие еден ден навистина ќе бидат на штета на Македонија. Ние сите имаме претензии за зачленување во Европската унија и во НАТО пактот. Европската унија во својата средина ги прифаќа сите народи без оглед од кои административни граници тие доаѓаат. Бараме Европа без граници, а сега сакаме да поставуваме граници меѓу нас.

Воопшто не ми се допаѓа дискусија каде што се вели-немате право да употребувате знаме на една друга држава како знак на албанскиот етникум. Во еден амандман, пратеничката Бонева вели дека со сите меѓународни права не им се дозволува на етничките заедници да употребуваат знамиња на една држава што се граничи со Македонија.

Кога станува збор за симболите и за државните знаци, ја разбирам пратеничката. Но, нема ниту едно меѓународно правило што ја регулира употребата и изгледот и тоа за кој изглед на знаме ќе се определи етничката заедница што е во рамките на една држава, а што не е мнозинство. Затоа, јас мислам дека со овие предлози, со овие тези на некои пратеници, воопшто не се согласувам. Затоа што ние не се определуваме за национално знаме што ќе биде инпонирано од некој друг. Ние не прифаќаме инпонирање, наметнување, туку ќе се определиме за националното знаме што го посакуваме ние како албанска заедница, за национално знаме што е многу постаро отколку самата албанска држава. Дури има и разни изјави дека немаат ништо против знамето на Ѓерѓ Кастриоти, бидејќи тоа е знаме на христијанството со кое што се бори против муслиманството. Овие тези се неприфатливи за нас. Ние велиме дека Ѓерѓ Кастриоти, во рамките на Отоманската империја го развеал албанското знаме за создавање на албанска држава без оглед на нивната религиозната припадност.

Затоа треба да бидеме внимателни кога ќе се појавите пред јавноста со тези што не се прифатливи или пак се на сметка на нечија туѓа сметка, затоа уште еднаш сакаме да ви дадеме на знаење дека Албанската етничка заедница ќе се определи за знаме што ќе биде прифатливо за нас албнаците. Не прифаќаме наметнување од надвор како што вие, доколку сакате македонско национално знаме, ние ви даваме збор дека нема да ви се мешаме какво знаме ќе одберете вие. Дали тоа ќе биде знаме што ќе има лав или нешто друго, тоа е прашање на македонската етничка заедница.Сега, да не ги мешаме работите, затоа што законот што го донесуваме, не станува збор за државно знаме, туку тоа е симбол на албанска етничка заедница што живее во рамките на Република Македонија, додека државно знаме е нешто друго. Тоа за што можеме да разговараме или пак да отвориме теми, како што во "Чуму" во А-1 телевизија го потврди Љубчо Георгиевски- доколку сакате можеме да разговараме и за државни знамиња што ќе ги има сите елементи на етничките заедници кои живеат во Република Македонија, значи да се рефлектира мултиетничноста, мултикултурата што живее во Република Македонија.

Затоа, јас мислам дека ваквите амандмани што се предлагаат од неколку пратеници се неприфатливи за нас, како прво, затоа што не се помага во разрешување на ситуацијата, туку се заострува ситуацијата и така заострена, меѓу позицијата и опозицијата, Албанската позиција и Македонска опозиција, ајде тука заедно да разговараме.

Ајде пратеници, Македонци, Албанци, законот да биде во функција на граѓаните на Република Македонија. Зошто да оставиме дел од Албанците да не можат да го употребат своето национално знаме? Мислите дека граѓаните, Албанци од Куманово ќе го прифатат Предлогот на законот од Владата? И јас и тие ќе бидеме кои ќе им речеме излезете пред општината, излезете со своето национално знаме, а вие господо излезете и уапсете ги. Немојте да ги деградирате албанците, туку дајте да разговараме да донесеме закон што ќе биде во служба на албанците во Република Македонија и на сите граќани на Република Македонија.

Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Господине Вејсели,

Само за ова на крајот да ви кажам, закони се носат да се почитуваат. Откако ќе биде донесен закон ќе се почитува. Оној кој нема да го почитува ќе сноси санкции.

Три минути реплика госпоѓа Којзеклиска Марија.

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам потпретседателе.

Вака сега. Ние мора да се разбереме нешто со господинот Вејсели и сите албанци тука што се во Собранието.

Според хронологијата што постои од конституирањето на првите устави се вели држава-нација. Значи, тоа е суштината, носител на суверенитетот. Тоа е една работа.

Втората работа, до постигнувањето на договорот за Устав на Европа или т.н. Устав или договор за Устав на Европа, сите земји: Германија, Франција и останатите европски земји, првата реченица од преамбулите на нивните устави велат: "Ние, Германскиот . . ." или Францускиот, па дури и Американскиот народ, а знаеме колкав број на националности живеат во тие земји.

Значи, да не ги мешаме работите. Не може, почитуван колега Вејсели 30% од другите националности да бараат и да добиваат наспроти 65%. Значи ние не сме на исто ниво.

Колку и да ни расправате тука за соживот, за поаѓање кон Европа, вашето поаѓање кон Европа е само од вашите интереси. Како вам ви одговара. Другите, вие не разбирате дека наметнувате со сила, наметнувате со сила да се донесат определени закони за да се заштитат вашите права.

Па, што ви значи толку тоа албанско знаме, не ми е јасно? Што ќе добиете? Ќе станете побогати за тоа албанско знаме што треба да се вее таму?

Јас уште еднаш ќе повторам, луѓе, не постои во светот и колегата Тито Петковски и другите зоборуваа, не постои земја каде што има употреба, закон за употреба на знамиња на заедници, да се разбереме. И со вас вчера, потпретседателе, полемизиравме на таа тема. Не постои земја. Зошто ние да експериментирам?

Вие не сакате, јас одговорно тврдам дека Албанците во Република Македонија не сакаат да признаат дека се дел од Македонскиот народ, дека се дел од Македонските грѓани и си бараат права. А, ја имаат власта каква што ја дал Господ па им ги остварува правата.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Господине Вејсели имате една минута контрареплика, повелете.

**Абдулади Вејсели:** Дали ќе станете побогати ако им ги скратувате правата на албнаците во Република Македонија?

Прво, не се чувствуваме рамноправни иако треба да бидеме рамноправни, дека сме граѓани на оваа држава, ако сме рамноправни , ако сакате да бидете рамноправни и да се чувствуваме и да бидеме лојални, како што барате да бидеме, а ние сме лојални, ама вие мислите дека не сме лојални, тогаш треба да одиме на измена: државното знаме, државната химна, државниот грб, албанскиот јазик службен јазик, равен на македонскиот јазик. Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам. Госпоѓа Бонева, три минути реплика.

**Силвана Бонева:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитуван колега Вејсели,

Воопшто, барем јас во мојата дискусија, ниту колегите од мојата пратеничка група не зборуваа за рестриктивни мерки и немаме апсолутно никаква аверзија и не ни пречи ништо од тоа што го кажавте вие дека ни пречи се што е албанско.

Зборував и сите ние зборувавме само за општоприфатени правила во меѓународната пракса на што сме се обврзале сите потписници на Рамковниот договор и нешта што се преточени во Уставот, односно во самиот Рамковен договор стои дека ќе се почитуваат меѓународните правила и примени.

Зборувавме цел ден кои се меѓународните правила и примени и што е меѓународна пракса. Она што го зборувавме е само тоа дека знаме на туѓа држава, што се употребува на туѓа територија, на територија од друга држава означува екстериторијалност или пак праќа порака за дела на суверенитетот на таа држава со државата чие што знаме се употребува на таа територија или пак означува територијални претензии. Ништо друго.

А сите ние и вие како припадници на албанската етничка заедница, како граѓани на самостојна и суверена Република Македонија, наша заедничка цел треба да биде зачувување на суверенитетот на државата Република Македонија. А не праќање пораки дека еве, албанската етничка заедница го почитува суверенитетот на Република Албанија преку истакнувањето на знамето на Република Албанија на територијата на Република Македонија и со тоа праќаме порака дека правиме делба на суверенитетот на државата Република Македонија.

Ние воопшто не зборуваме на одземање на никакви ваши права и немаме намера да се мешаме во одбирањето на знамето што вие ќе го користите. Во последните 80 години албанското знаме има 12 модификации. Зошто упорно сега не се сака да се направи никаков исчекор на компромис иако од страна на сите граѓани на Република Македонија има разбирање и се вели дека нема проблем да се вее албанското етничко знаме, меѓутоа мора да има белег на државата Република Македонија, чии што граѓани сте вие и што го делите, заедно суверенитетот со државата Република Македонија.

Во однос на државното знаме кое е донесено со општ консензус со мнозинство гласови на албанската етничка заедница и невкусно е повторно да се отвора прашањето за државното знаме. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Повелете господине Вејсели, една минута.

**Абдулади Вејсели:** Ако ги слушам овие зборови што ги кажува пратеничката Силвана Бонева, јас чувствувам дека не сум дел од оваа држава, а тоа не е точно така како што вие зборувате. А, ако зборувате за суверенитетот, каде јас да го барам и Албанците суверенитето? Во Приштина, во Тирана или каде? Суверенитетот е тука, во Скопје. Суверенитетот извира од граѓаните и им припаѓа на граѓаните.

А, ако сакате, каде има меѓународна пракса да државното знаме на една етничка заедница се вее во друга држава каде таа етничка заедница е малцинство, тоа е примерот со Романија. Унгарците во Романија го употребуваат државното знаме на Унгарија.

(со седницата продолжи да раководи Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија ).

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Вејсели.

Господине Стојаноски, повелете, три минути реплика.

**Блаже Стојаноски:** Многу интересно господинот Вејсели кога зборува за владеење на правото, а имавме можност да видиме како владее правото во Кондово и други делови од Република Македонија.

И, кога зборуваме за целта на овој закон, каде што се вели за правата на албанците, јас би бил многу среќен кога начинот на кој што би ја аргументирале оваа цел би било со веење на македонско знаме на сите оние територии каде што сега го нема ни за лек, а се работи за веење на албански знамиња, што е фактичка состојба. Ние носиме закон со кој што кажуваме дека регулираме една област што била нерегулирана и заради тоа даваме права на албанците.

Значи, ако зборуваме за употребата на знамињата на албанците, тогаш треба да зборуваме за употребата на државното знаме на Република Македонија во сите оние подрачја каде што сега го нема воопшто. Па дури потоа да зборуваме за можност, покрај државното знаме за знамето на етничката заедница, односно на албанската етничка заедница во конкретниот случај.

Многу ми се интересни наводите што ги кажувате кога ги релативизирате границите. Кажувате дека Албанците во Република Македонија претставуваат трансмитери помеѓу Албанците во Косово и Албанците во Албанија и дека тоа е нормален процес кон приближување кон ЕУ, а од друга страна, политичарите од Косово велат дека независноста на Косово и утврдувањето на границите на Косово е приоритет на таа политика.

Значи, ако веќе зборуваме за утврдување на граници, тоа би значело утврдување на граници и на Република Македонија и на евентуалното решавање на статусот на Косово во догледен временски период и за почитување на територијалниот интегритет и суверенитет на унитарна држава Република Македонија, која што преку децентрализацијата обезбеди изразување на културниот и националниот идентитет на Албанците.

Ова што се прави и што се сака да се постигне е само завршување на процесот што го почнавте минатата година со Законот за територијалната организација, со утврдувањето на границите каде Албанците се мнозинство во општините, а сега се дефинира, се обележува таа територија и преку знамињата што ќе се вејат, а кои што претставуваат знамиња не само на албанската етничка заедница, туку знамиња на друга држав, односно за знаме што го изразува суверенитетот не само на Албанија, туку и на сите граѓани кои живеат во Република Албанија. Тие работи треба да бидат решени на начин што е дефиниран и во Рамковниот договор, согласно меѓународните правила и примени.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Вејсели, една минута.

**Абулади Вејсели:** До пред некој ден кога зборував на таа говорница на Собрание и кога се потпирав на Рамковниот договор толку реплики имав, оставете го Рамковниот договор ние имаме Устав.

Господине Блаже Стојановски, јас ти викам денеска јас го почитувам Уставот на Република Македонија, дека Рамковниот договор е преточен во Устав. Најдете ми еден лимит во амандманот 8 од членот 48, каде се лимитира употребата на Албанското знаме во Република Македонија.

Второ, вие рековте дека ние ви даваме права на вас Албанците. Не, господине Блаже Стојановски правата произлегуваат од тоа што ние сме дел од оваа држава, никој не ни дава права, правата ни ги дава Уставот на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господинот Оровчанец, имате збор.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Господине претседателе, претставници на Владата, колеги пратеници,

Очигледно дека клучниот елемент на Законот за употреба на знамињата на заедници во Република Македонија е токму овој сегмент членот 2. И тука слушнавме многу разни дискусии и во општиот текст и во општиот претрес односно по Предлог законот и од она што можам јас да сватам практично треба да диференцираме две работи. Она што е став на Владата и Предлогот кој што е тука излезен и она што се на некој начин без групирање на амандмани во оваа ситуација, без разлика начинот на кој гласањето ќе биде реализиран суштината на тие амандмани ви е во основа иста.

Суштината практично се сведува на тоа дали ние ќе имаме граѓанска држава, или ќе немаме современа граѓанска држава. Ако преамбулата на Уставот укажува дека Република Македонија треба да биде современа граѓанска држава, дека треба да биде со дефиниран суверенитет, унитарна држава, тогаш многу јасно дека овој амандман и те како треба да биде прифатен. Ако идеата и интенцијата е нешто друго тогаш мислам дека треба да се остане односно пратениците ќе останат на ставот што го нуди Владата. И мислам дека тука грешат. Низ еден популизам кој што го видовме сега и во последното обраќање на господинот Вејсели околу Рамковниот договор и она што е амандман 8, со тој амандман 8 никаде не стои Албанското знаме. Пишува симболи на заедниците. И тука

треба да се направи значајна разлика или како би рекол претседателот на Собранието со научен речник цигмитикантна разлика за да знаеме сепак дека се работи за суверенитет на Република Македонија.

И кога се дава овој предлог се брани континуирано ставот за човекови права, се прави балон за незнам што се, меѓутоа, и дека не го руши суверенитетот, јас еве од вас побарувам некој да ми објасни во што не го нарушува суверенитетот ваквото решение од членот 2 и ставот 2.  По се го нарушува, буквално во се. Членот 8 од Уставот дефинира и кажува дека можат да се употребуваат симболи, меѓутоа, треба да се дефинира и како, а тоа како треба да го направиме ние овде. Очигледно имаме проблем да го направиме тоа и на крај од оваа ситуација мислам дека никој нема ништо да добие дека на овој начин проблемот само ќе биде премачкан со една демагогија за современо граѓанско друштво. Проблемот ќе остане и она што е интеграција едноставно ќе го заборавиме како елемент затоа што тоа ќе биде само декларација која сите ќе ја употребуваат, меѓутоа суштината ќе биде на континуираната делба.

На овој начин, практично, дефинитивно евроинтеграторите од Социјалдемократскиот сојуз и албанскиот дел од позицијата односно Владата кој себе се смета за интегратор, дефинитивно ќе реализираат делба во Македонија.

И уште нешто би сакал да кажам дека овој закон конкретно овој член е така направен што практично претставува уште една злоупотреба на Рамковниот договор, дека тој не е последица на Рамковниот договор, дека вакво решение како што го нуди Владата е практично последица на петтото комунике на Али Ахмети, и тоа е делбата на Македонија која вие ја правите интегратори на Македонија во Европа.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Кедев, повелете имате вие збор. Јас често не користам цигмитикантна разлика. Цигмитикантно значи забележителна разлика. Забележителна.

**Сашко Кедев:** Почитуван претседателе, заменик министер и почитувани пратеници,

Веќе неколку дена во Македонскиот парламент го разгледуваме еден исто така од многузначајните законски проекти кои што по традиција веќе трета година имаме чест да ги дискутираме во месец јули во фаза на годишни одмори кога вниманието, концентрацијата и присутноста на популацијата и граѓаните во Република Македонија е опадната.

Ова сигурно е  еден законски проект кој што заслужува максимално внимание на сите политички субјекти во Република Македонија, како на тие што ги предлагаат и уште повеќе на тие што треба да ги разгледуваат и изгласаат. Најпрвин би започнал со аспектот на внатрешната интеграција како еден од главните приоритети на сегашната владеачка коалиција на парламентарното мнозинство.

Почитувани пратеници, внатрешната интеграција на етничките малцинства подразбира придржување кон сите права, меѓутоа и почитување на сите обврски на етничките малцинства. Една од основните обврски на етничките малцинства претставува принципот на лојалност кон државата во која што живеат и чие знаме симболи и суверенитет го застапуваат, уживаат и поддржуваат. Тоа се основните принципи на кои што етничките заедници, етничките малцинства мора да се придржуваат во една современа мултиетничка заедница. За жал ние сме сведоци дека актуелната владеачка коалиција е жртва на решавање на дневно политичките проблеми на суштинските законски проекти кои што ги предлагам и кои што ова Собрание за жал ги изгласува.

Меѓутоа, многу често сме сведоци на исказот дека актуелната владеачка коалиција и парламентарното мнозинство ги добило тие свои права врз основа на резултатите од изборите со што граѓаните им го дале тоа право. Почитувани пратеници треба да знаеме дека ниту еден гласач на Република Македонија без разлика дали е македонец, албанец или припадник на било која заедница не дал право на ниеден пратеник ниту на било кој претставник на Владата да калкулира со суверенитетот на државата. Тоа е суштинско прашање и никој, на ниеден од нас не го дал мандатот да калулираме со суверенитетот на државата. Точно е тоа дека парламентарното мнозинство го има потребниот број на гласови да го усвои било кој законски проект кој што се носи со просто мнозинство. Меѓутоа, почитувани пратеници, еднаш за секогаш треба да ја поставиме одговорноста пред сите нас и да знаеме дека резултатите од нашето гласање на вакви витални проекти остануваат запишани во историјата на македонската држава.

Деновиве, токму разговараме и дискутираме по еден историски значаен законски проект. Мислам дека никој. . .

**Љупчо Јордановски: Г**осподине Кедев на ова место го прекинав господинот Флоровски бидејќи имаше некое слично експозе. И, ве молам, вратете се на амандманите. Член 2 став 2, пред се амандманот за кој што се сега се дискутира. Ова е прва  опомена, ве  молам господине Кедев.

**Сашко Кедев:** Почитуван господин претседателе, суверенитетот на државата е дел од член 2. . .

**Љупчо Јордановски:** Господине Кедев, јас воопшто не сум виновен што вие воопшто по општата расправа не сте присутни. Немој да ми водите општа расправа по амандмани. Ќе имаме расправа по текстот на законот, бидетет тука, таму не можам да оценам што е општа, што е по текст, можете ова да го кажете. Сега ова го признавам отворено. Сега по амандманите.

**Сашко Кедев:** Предлог амандманите по кој што расправаме денес ја одразуваат суштината на законскиот проект и предлог измените кои што се предложени од група пратеници во однос на амандмански предлози ја допираат суштината на законскиот проект, така да било кое елаборирање во однос на суверенитетот на државата и симболите и употребата на симболите, знамињата е во интерес ја застапува расправата за амандманите, почитуван господине претседател, имајќи ја во предвид вашата доследност и принципиелност.

Меѓутоа, почитувани пратеници, никој од парламентарното мнозинство, ниту од опозицијата мислам лично нема право ниту амбиција ниту желба да ги намалува веќе добиените права на претставниците на етничките малцинства. И, точно е тоа дека етничките малцинства го имаат своето автономно право за употреба на своите симболи на идентификација. Тоа не е спорно, мислам дека никој досега не го спореше тоа во овој Парламент. Меѓутоа, мораме да ги почитувани основните меѓународни принципи, стандарди и закони и правила кои што владеат и се во употреба и во Европа и во Евро-атлантските структури кон кои што тежнееме. Значи, идентификацијата на етничките заедници не е дискутабилна сите претставници на етничките заедници во Република Македонија ги имаат со закон гарантирани своите права на одбележување на овие свои идентификациони права. Почитувани пратеници, мораме да знаеме каде е границата, каде се интересите и суверенитетот на државата.Токму тука е членот 2 став 2 на кој што се предложени и Предлог амандманите за придржување кон меѓународните принципи и правила во однос на искажување на овој етнички идентитет.

И, мислам дека во погрешен правец беше усперена критиката и нападот во овој Парламент токму на претставниците на албнската етничка заедница бидејќи почитувани пратеници не се виновни пратениците албанци во овој парламент, виновниците за доведување во прашање на суверенитетот на Република Македонија лежат во редовите на Социјалдемократскиот сојуз и нивните коалициони партнери во влалдеачката коалиција кои што ги ставаат во приоритет решавањето на дневно-политичките проблеми базирани во нивната коалиција и многу лесно отстапуваат од стратешките цели на иднината на Република Македонија.

Јас мислам дека актуелната владеачка коалиција и премиерот на Република Македонија многу помалку време имаат посветено на дискутирање и елаборирање на овој законски проект во однос на елаборирање на некој атрактивен плац или локација кој што во моментов или претходно беше доделена.

**Љупчо Јордановски:** Господине Кедев не е на дневен ред.

**Сашко Кедев:** Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, ни Владата, ни плацеви, ни атрактивни места.

Имате реплилка госпоѓице Грковска.

Повелете имате три минути.

**Славица Грковска:** Само кратка забелешка, овој закон не може да се нарече дневно-поллитичка на оваа коалиција, овој закон е обврска која што меѓу другото и партијата на господинот Кедев припаѓа ја преземала кога го потпишала Охридскиот рамковендоговор. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господине Кедев.

**Сашко Кедев:** Многу често сме сведоци во овој парламент да Евро-атланските интегративни процеси да служат за алиби за владеачката коалиција ов однос на решавањето на нивните дневно политички проблеми. Тоа е жално бидејќи ако ги следиме евроатланските законски стандарди ќе видиме дека не постои евроатланска демократија за која што е прифатен ваков законски проект.

**Љупчо Јордановски:** Господине Хасипи имате реплика, повелете три минути. Користете го уште денеска ова право.

**Кенан Хасипи:** Со оглед на фактот дека колегата Кедев цело време полемизираше околу суверенитетот, би сакал да му поставам две прашања. Прво, согласно која одредба на меѓународното право не е дозволено знамето на некоја етничка заедница да не може да биде идентично со знаме на друга држава, намерно не користам термин матична држава бидејќи се работи за фиктивен поим, а не правен термин. И, второ, бидејќи матичната држава ни е Република Македонија.

Второ, дали може знаме на етничка заедница кое не се користи на цела територија на Република Македонија да симболизира суверенитет и дали господинот Кедев познава знаме кое симболизира парцијален суверенитет, бидејќи ќе се користи само на дел од територијата на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Господине Кедев вие не сте Влада, не мора да одговорите на прашањата, ако не чувствувате потреба.

Повелете, една минута.

**Сашко Кедев:** Јас би одговорил со контра прашање. Бевме сведоци на многу средби на нашиот политички врв со политичкиот врв на Република Албанија. Дали ние добивме писмена или било каква согланост од страна на албанскиот политички врв во Република Албанија и право на употреба на нивното официјално знаме на територија на друга држава.

**Љупчо Јордановски:** Блгодарам.

Господа имаме уште тројца пријавени кандидати, можеме како минатиот пат да се договориме, овие тројца се последни.

Повелете господине Краљевски процедурално.

**Чедомир Краљевски:** Дали ќе го уважите нашето барање да се прекине седницата во 18,00

часот имаме партиски активности закажани во 18 и 15 часот.

**Љупчо Јордановски:** А, вака, вие сите зборувавте, еве уште малку уште 15 минути уважете го моето барање како претседател, кажете им, овде има уште двајца, и онака нема да гласаме сега, само да ја затвориме расправата, на продолжение ќе гласаме. Може ли сега да го уважите моето барање, од моја страна. Еве сега двајца Стаменков и Којзеклиска се последни двајца дискутанти. (Еден од пратениците вели дека и тој е пријавен).

Повелете господине Краљевски, значи нема повеќе пријавени.

Дополнително ќе бидете известени за продолжување, да ја завршиме расправата.

Повелете господине Краљевски.

**Чедомир Краљевски:** Господине претседателе ве информирав дека сеуште пратениците имаат за дискусија материјал и ќе се пријавуваат.

**Љупчо Јордановски:** Сега се договоривме.

**Чедомир Краљевски:** Не се договоривме, туку вие ни кажавте како треба.

**Љупчо Јордановски:** Не, сега се договоривме, рековте сите. Не сакам да ве прекинам, да завршиме, да ја затвориме расправата по амандманот, за 15 минути тоа ќе се случи. Вие одите на вашиот состанок и јас не ја продолжувам понатаму.

**Чедомир Краљевски:** Меѓутоа имаат желба пратениците од пратеничката група се уште да дискутираат по одредени прашања од овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Има други амандмани господа, ќе можете, има општа расправа по текстот на законот.

**Чедомир Краљевски:** Ние сметаме дека ова е клучен амандман. Претседателе. Ова е клучен амандман.

**Љупчо Јордановски:** Значи немаме договор.

**Чедомир Краљевски:** Ако го уважувате нашето мислење, нашиот став вие би прекинале во 18,00 часот и да продолжиме после кога ќе закажеме. Поради партиски активности, утре имаме нова седница треба да се искоординираме.

**Љупчо Јордановски:** Прашањето е само за половина час. Јас знам дека тој половина час вие може да го направите цел саат, но имаме договор ако можеме за половина час да го завршиме, потоа ќе продолжиме само за гласањето.

**Чедомир Кракљевски:** Исто е претседателе, кога ќе продолжиме ќе бидат дискусиите колку и сега што би биле.

**Љупчо Јордановски:** Не, под у слов да останат двајцата и ти како третиот, не се пријавуваат, бидејќи сите други зборуваа.

**Чедомир Краљевски:** Видите вака претседателе, овој амандман ние го сметаме дека клучен амандман за овој закон. И од овој амандман зависи. . .

**Љупчо Јордановски:** Дополнително ќе бидете известени за продолжување на седницата.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот).